ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

ФАКТОГРАФСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА:

# ПЛАН 3-6-9

ОД 4 ЈУЛИ 2017Г.-17 АПРИЛ 2018Г.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# ВОВЕД

**Вовед**

Продолжената политичка криза во Република Македонија, која кулминираше во 2015-2016 година, **предизвика турбулентни движења** во нашето општетство кои **имаа за последица значително успорување, па дури и назадување на евроинтегративниот процес** на земјата и приближувањето кон ЕУ. Како резултат на **Пржинскиот политички договор** беа спроведени **парламентарните избори** во **декември 2016** година. Настаните кои му **претходеа на конституирањето** на новиот Собраниски состав ќе бидат запаметени по одлуки и настани кои се без преседан во нашата куса демократска историја.

По формирањето на **новото парламентарно мнозинство и изборот на новата Влада**, прв приоритет на Владата беше**, земјата да се „врати“ на патот кон ЕУ**, затоа што тоа е **стратешкиот приоритет** на Македонија и затоа што мнозинството од граѓаните го поддржуваат нашето членство во ЕУ и во НАТО, како наша трајна определба за која **нема друга алтернатива.**

Владата затекна „**замрзнати“ односи** со нашите стратешки партнери, **„заробени“ институци и.** Примарна задача беше **да ги „одмрзнеме“** односите со нашите стратешки партнери и по ддржувачи, да ги „ослободиме“ институциите, администрацијата и целото општество, за да с оздадеме услови да ја придвижиме земјата напред. **Заостатокот беше значителен, девијаци ите длабоки**. Мораше од некаде да се започне. Во **соработка и дијалог со нашите стратешки партнери**, се одлучивме за План кој ќе обезбеди трасирање на патот и ќе биде фундаментот на нашите долгорочни реформи.

При тоа на ова гледавме како на стратешки круцијален процес кој треба **да обезбеди долгорочност, инклузивност и транспарентност**, од едноставна причина што процесот не започна ниту ќе заврши со оваа Влада, напротив, тој е долготраен и комплексен и бара долги години работа и вложувања. Исто така, процесот не и припаѓа само на Владата, туку **на целото општетство** и процесот мора да биде видлив за сите, со цел да создаде атмосфера дека **секој мора да се вложи во него и дека секој ќе има корист од него.**

**Правецот на реформите е јасен** и дефиниран со **Програмата за работа на Владата 2017-2020, Политичкиот договор од Пржино** и ги следи препораките од средбите на високо ниво со претставниците на **институциите на ЕУ,** вклучително и **Итните реформски приоритети,** како и препораките на **Советот на Европа**, односно **Венецијанската комисија и ГРЕКО, ОБСЕ/ОДИХР и** извештаите на **групата експерти предводени од Прибе,** како и широките консултациите со **граѓанскиот сектор.**

**Интересите на граѓаните се нашиот компас**, а несомнено, граѓаните сакаат **стабилна држава**, со демократски силни, но граѓански контролирани **институции** кои ќе им обезбедат живот без стр ав и репресија, сакаат **избори** во кој гласот ќе биде даден слободно, без притисоци и без насили е, сакаат **економски амбиент** во кој ќе биде важна конкурентската способност а не политичкат а припадност, сакаат држава во која **здравствените услуги** нема да се третираат како привилег ија за поединци, туку како обврска на државата кон сите, сакаат држава која ќе има **пријателски односи со сите соседи** и Влада која ќе ги решава отворените прашања, а не која ќе ги ескалира и поттикнува историските анимозитети. **Тоа се насоките за нашите реформи** кои ќе ги почитува ме на патот кон ЕУ.

Оттука го дефиниравме, усогласивме и го имплементиравме **Планот 3-6-9** со кој се фокусиравме на започнување **на промени во првите три месеци и создавање на најповолна можна клима за одржување на Локалните избори**, како прв испит за тоа дали сме сериозни во декларир ањето на нашата цел за плурално, демократско, мултиетничко општетство, со еднаков

третман на секој поединец и еднакви можности за секоја индивидуа, потоа создавање на **цврста правна и институционална подлога за спроведување на реформите**, и **конкретни и видливи резултати од реформските зафати** до објавувањето на Извештајот на Европската Комисија, по кој ќе настојуваме да исчекориме и понатаму во процесот на ЕУ интеграција.

**Првиот дел од Планот 3-6-9 се усвои на 04.07.2017 година, а вториот дел План 3-6-9+ на 15.11.2018**. Истиот беше дефиниран по широка меѓуинституционална соработка преку **транспарентен и инклузивен процес**. Во дефинирањето на мерките во овој План учествуваа и свој придонес дадоа **стручните служби на сите надлежни институции, Собранието, Владата, државните институции, граѓанскиот сектор и опозицијата**. Воспоставен е целосно оперативен механизам за координација, мониторинг и следење на имплементацијата на две нивоа, министерско и експертско ниво. **Владата на неделно ниво директно го следи статусот** на реализација и напредокот.

**Резултатите постигнати до одржувањето на локалните избори беа солидна основа за подлабоките реформи** особено во клучните области: **правосудство, безбедносни и разузнавачки служби и реформа на јавна администрација без притоа да се запостават и останатите клучни области, медиумите, граѓанскиот сектор.**

Соодветни **извештаи се подготвени и редовно доставувани** до соодветните тела во Собранието, Европската комисија и другите меѓународни партнери, како и граѓанскиот сектор и пошироката јавност. **Фактографскиот преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9** заклучно со 15.11.2017 година се објави на веб страната на СЕП и Владата. Беа одржани низа генерални и тематски дебати, трибини, средби, со сите заинтересирани страни, како и брифинзи и прес конференции со медиумите, во однос на подготовката и реализацијата на Планот. **Финалниот Фактографски Извештај** ќе биде транспарентно презентиран и објавен за пошироката јавност.

Истакнуваме дека со завршувањето на Планот 3-6-9, **не завршуваат реформите** кои се предзнак на оваа Влада, туку тие само започнуваат и ќе траат се додека не ги постигнеме зацртаните цели и не обезбедиме **политички, демократски, економско-социјален амбиент за градење на праведно, граѓанско и кохезивно европско општетство.**

Сите сме сведоци дека изминатиов период се создаде **многу позитивна клима околу процесот на** европската интеграција, како во земјата така и во ЕУ и кај земјите членки. Секако дека овој ентузијазам **ги зголеми и очекувањата и кај нас како Влада но и кај граѓаните**. Очекуваме **да добиеме чиста препорака**, а потоа **и конкретен датум за отпочнување на пристапните преговорие**. Владата и нашата администрација се целосно подготвени и можат да го понесат товарот од овој генерациски предизвик.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден ДОМ
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# РЕФОРМА НА ПРАВОСУДСТВО

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 1. Реформа на правосудство

**Во делот на реформата на правосудството**, Владата ги прифати забелешките и препораките на Европската комисија,Венецијанската комисија и ГРЕКО, како и препораките на Високата експертска група за владеење на правото. Владата работи интензивно и посветено на градење независно, непристрасно, професионално и ефикасно правосудство. За таа цел Владата ја усвои новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор која преставува патоказ по кој ќе се движат реформите во правосудниот сектор, враќањето на довербата во институциите, обезбедувањето правна сигурност, заштитата на поединечните права и слободи на граѓаните и градењето на атмосфера на слободно судство, без политички притисоци. Донесени се Законот за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија и Законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет согласно препораките на меѓународните институции со што надлежноста за дисциплинските постапки е вратена кај Судскиот совет. Донесени се измени и дополнувања на Законот за заштита на укажувачи со цел да се подобри постапката за пријавување и заштитата на укажувачите.

Спроведен е првиот дел од проверката за функционирањето на АКМИС системот, врз основа на што е подготвен Извештај со наоди кој е доставен на натамошно постапување до надлежните институции.

Во делот на реформата на **затворскиот систем,** Владата ги прифати забелешките и препораките на Комитетот за превенција на тортура на Советот на Европа и презема мерки за подобрување на условите и капацитетите на казнено поправните установи, имплементација на алтернативните санкции, како и подобрување на здравствената заштита и безбедноста. Ставена е во функција пробациската служба.

- ***Усвојување на Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 со Акциски план***
  - На 17.07.2017 Министерот за правда формираше Работна група за ревидирање на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со акциски план. Во истиот период беше формиран и Совет за реформа на правосудниот сектор кој беше надлежен да ги координира подготовките на Стратегијата и мандатот на овој Совет заврши со усвојувањето на Стратегијата.
  - Во насока на обезбедување инклузивност и транспарентност во процесот на подготовка на Стратегијата одржани беа две работни средби (27.07.2017 и 29.08.2017) со сите претставници на институциите од правосудниот сектор и од граѓанскиот сектор, на кои им беше презентирана Нацрт - Стратегијата за реформа на правосудниот сектор. Во текот на нејзината подготовка беа земени предвид нивните забелешки и предлози.
  - На 28.11.2017г., Владата ја усвои Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 со Акциски план и истата е објавена на веб страната на Министерството за правда. Стратегијата се подготвуваше преку широк консултативен процес и редовни консултации со ЕК, при што сите нивни препораки и насоки се соодветно рефлектирани во документот.
  - Новата Стратегија дава насоки, правци за подобрување на системот на правосудство преку надминување на постојните недостатоци од нормативен и институционален карактер кои се провлекуваат низ него, но пред се, го има предвид основниот проблем на мешање на извршната власт и партизацијата како причина за назадувањето и нефункционалноста на правосудниот сектор. Стратегијата утврдува насоки за создавање

законски услови, но и амбиент за вистинска реализација на начелото на одговорност од страна на правосудните органи за сопственото работење.
- Стратегијата се фокусира и на преиспитување на функционирањето на одделни институции, посебно Судскиот совет и Советот на јавни обвинители вклучително и депрофесионализација и утврдување на критериуми и постапка за одговорност на членовите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, зајакнување на функционирањето на Специјалното јавно обвинителство како самостојна институција во рамките на Јавното обвинителство во постапување по делата од негова надлежност и гонење на кривични дела од висок профил на корупција “white collar crime”, преиспитување на системот на оценување на квалитетот и ефикасноста на постапувањето на судиите и јавните обвинители, зајакнување на механизмите на транспарентност, отчетност и одговорност на судиите и јавните обвинители преку системот на саморегулација на нивните професионални здруженија итн.
- На 06.03.2018г.формиран е Советот за следење на имплементација на стратегијата во правосудството за период 2017 – 2022, со кој ќе претседава Премиерот. Во Советот членуваат министерот за правда, заменик министерот за правда, Јавниот обвинител, Специјалната јавна обвинителка, Народниот правобранител, претседателот на Здружението на судии, претставник од Врховниот суд, претставник од Апелациониот суд во Скопје, претставник од Апелациониот суд во Гостивар, претставник од Основното јавно обвинителство во Битола, претставник од Основното јавно обвинителство во Штип, претседател на Основниот суд Скопје 1 – Скопје, претседател на Основниот суд Скопје 2 – Скопје, претставник на Адвокатската комора, професор од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, професор од Универзитетот на Југоисточна Европа, претставник на Блупринт групата на граѓански асоцијации за правосудство, професор од Факултетот за безбедност -Скопје, при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, 2 адвокати од Скопје и Тетово, претставник на Министерството за внатрешни работи, претставник на Министерството за финансии и претставник на Јавното обвинителство.
- На 28.03.2018г. се одржа конститутивна седница на Советот за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформи на правосудниот сектор.
- На 04.04.2018г. се одржа втората седница на Советот на која беше усвоен и Деловникот за работа. Се дискутираше за Предлог – Законите за судовите и за Судскиот совет со акцент на предложените законски одредби кои се однесуваат на одговорноста на судиите, како и нивната заштита, а се со цел да се постигне што поголема независност на судството и враќање на дигнитетот на судиите.

- ***Донесување на Закон за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на РМ***
  - На 01.08.2017г. беше формирана Работна група за изготвување на Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на РМ и изготвување на Закон за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија.
  - На 17.10.2017г. Предлог законите беа доставени на мислење до Венецијанска комисија, и на на 8.12.2017г. беше усвоено Мислењето за законите.
  - На 18.10.2017г. Предлог Законите, беа објавени на ЕНЕР
  - На 15.11.2017г. се усвоени од Владата.
  - На 28.12.2017г **Законот за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет на РМ** е донесен од страна на Собранието. Основна цел на Законот е да се да се зголеми транспарентноста во работата на Советот и да се поедностави дисциплинската

постапка за утврдување на одговорноста на судија а согласно меѓународните препораки и воедно усогласување со Предлог Законот за престанување на важење на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.

- На 11.01.2018г. **Законот за престанување на важење на Законот за Советот за утврдување факти и покренување на постапка за утврдување дисциплинска одговорност на судија** е донесен од Собранието. Со овој Закон престанува да важи Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија и надлежноста за водење на дисциплинска постапка се враќа кај Судскиот совет.

- ***Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Предлог - Закон за изменување на Закон за Судскиот совет***,
  - На 31.08.2017 беше формирана Работна група за подготовка на Закон за изменување и дополнување на Законот за судови и Закон за изменување и дополнување на Законот за Судскиот совет.
  - Изготвениот Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Македонија, беше објавен на ЕНЕР на 22.01.2018г. Основна цел на законот е внесување мерливи квалитативни и квантитативни критериуми за оценување на работата на судиите и претседателите на судот на секои две години. Воедно се внимаваше на целосна избалансираност на критериумите во системот на оценувањето. Истовремено се интервенира и во однос на одредбите за член на Совет со право на глас, рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, се зајакнува одговорноста во работата на Советот и слично. Со измените што се предлагаат се зајакнува квалитативниот критериум во оценувањето на судиите и претседателите на судовите во однос на квантитативниот. Направени се измени со вградување на препораките од Венецијанската комисија дадени во последните измени и дополнувања на Законот за Судски совет, во однос на транспарентното работење на Советот. Се внесуваат и измените предвидени согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.
  - Изготвениот Предлог- Закон за изменување и дополнување на Законот за судови во делот на основите за дисциплинска одговорност и дисциплински мерки беше објавен на ЕНЕР на 24.01.2018г..
  - На 13.03.2018г., Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Судски совет и Предлог- Законот за изменување и дополнување на Законот за судови се усвоени од Владата.
  - По завршувањето на консултациите со опозицијата, двата закони ќе бидат испратени до Венецијанска комисија и до Собранието.

- ***Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци***
  - На 30.08.2017 Министерот за правда формираше Работна група за изготвување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци.
  - Изготвениот Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци беше објавен на ЕНЕР на 16.10.2017
  - На 17.10.2017г, Предлог-законот е доставен на мислење до Венецијанска комисија.
  - На 15.11.2017г. е усвоен од Владата. На 8.12.2017г. усвоено е Мислењето на Венецијанска комисија за законот. Врз основа на Мислењето е изготвен предлог амандман и беа спроведени екстензивни дискусии со опозицијата за предлог законот.
  - Целта на предложениот закон е целосно да го уреди прашањето за заштита на сведоците во постапките за гонење на кривичните дела поврзани и кои произлегуваат од

содржината на незаконското следење на комуникациите. Со донесувањето на овој Закон ќе се обезбедат услови Специјалниот јавен обвинител да има целосна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите.
- Законот беше донесен од Собранието на 12.04.2018г.., откако се спроведоа консултации со опозицијата.

- ***Зајакнување на кадровските капацитети на Народниот правобранител***
  - Општите акти за систематизацијата на работните места на Народниот правобранител беа одобрени од Собранието на 11.07.2017. Во таа насока се одобрени и средства од страна на Министерството за финансии за седум (7) нови вработувања во канцеларијата на Народниот правобранител до крајот на 2017г. Дополнително, на почетокот на 2018 е дадена согласност за обезбедени финансиски средства за уште 3 лица за 2018 година, односно одобрени се вкупно 10 нови вработувања.

- ***Усвојување на Предлог-Закон за изменување и дополнување на Закон за заштита на укажувачи***.
  - На 01.08.2017, формирана е Работна група за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи. Изготвениот Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачи беше објавен на ЕНЕР на 01.11.2017г. При подготвувањето на Законот беа земени во предвид забелешките и препораките на Венецијанската комисија, кои се основа за измените на Законот за заштита на укажувачи. Експертот на Советот на Европа присуствуваше на неколку состаноци на работната група за подготвување на Законот за изменување и дополнување на Законот за укажувачи и учествуваше со свои коментари. Во однос на текстот на Законот, експертот на Советот на Европа даде позитивно мислење.
  - На 21.11.2017г. се одржа јавна расправа за законот.
  - На 09.01.2018г, Предлог законот е усвоен од Владата.
  - На 20.02.2018 г. е донесен од Собрание

- ***Целосна институционална поддршка на работата на СЈО, во согласност со соодветните закони.***
  - Во извештајниот период е обезбедена непречена комуникација и институционална поддршка на работата на СЈО од страна на релевантните државни институции**.**
  - Согласно Стратегијата за реформи во правосудниот сектор 2017-2022, се планира зајакнување на работата на СЈО, како независна институција во рамките на ЈОРМ. Нивните надлежности ќе се однесуваат на случаи поврзани со случаи на корупција кои произлегуваат од прислушуваните материјали. Со новите измени на Законот за јавно обвинителство, ќе се овозможи продолжување на работата на Специјалното јавно обвинителство. Согласно ова, СЈО ќе се трансформира во канцеларија на СЈО со независни надлежности во рамките на Јавното обвинителство.

- ***Усвојување на Предлог-Закон за бесплатна правна помош***
  - Предлог законот беше изготвен во рамки на ИПА 2011 Твининг проект "Зајакнување на владеењето на правото".
  - На 28.11.2017г. беше објавен на ЕНЕР.
  - На 20.02.2018 Владата го усвои Предлог-законот за бесплатна правна помош. На 19.03. 2018г. помина во прво читање во собраниска процедура. На 23.03.2018г се одржа јавна расправа.

    Намерата на овој закон беше да се обезбеди можност на што поголем број на граѓани,

особено оние кои припаѓаат на социјално ранливите категории за квалитетно, правично и фер судење. После јавната расправа, нацрт законот е повлечен од Собрание заради потребата за измени на повеќе од 53% од текстот.

- ***Усвојување на Стратегијата за информатичко комуникациска технологија во правосудството***
  - Во соработка со експерти од ИПА 2011 проектот „Зајакнување на владеењето на правото", беше подготвена Стратегија за Информатичка технологија во правосудниот сектор 2018-2023. Министерството за правда формираше работна група со претставници од Министерство за правда, Врховен суд, Судски Совет, Виш управен суд, Управен суд,, Апелационен суд, Основен суд, Јавно обвинителство Академија за судии и јавни обвинители, Нотарска комора; Комора на извршители; Адвокатска комора и Комора на медијатори, која одржа 8 состаноци.
  - Стратегијата за информатичко комуникациска технологија во правосудството е усвоена од Влада на 20.02.2018.
  - Со спроведувањето на ИКТ решенија и системи во согласност со европските и меѓународните стандарди, целта ќе биде да се зголеми пристапноста, навременоста и лесното користење на правосудните услуги за сите корисници, да се подобри квалитетот на податоците, заштитата и безбедноста, како и соработката со други правосудни системи, институциите на Европската Унија, нејзините земји-членки и меѓународните организации.

- ***Назначување на Раководител на пробациската служба***
  - Назначен е в.д. раководител на пробациската служба.

- ***Секторот за пробација да се екипира со 16 извршители-пробациски службеници (9 на централно ниво и 7 во локалната канцеларија за ОС Скопје 1).***
  - Вкупно 18 вработени во УИС и КПУ се веќе определени и задолжени за извршување на пробациски работи од кои 2 вработени во УИС се распределени работните обврски да ги извршуваат во ОС,Скопје 1, 4-ца вработени во УИС се распределени во канцеларијата во УИС преку која ќе се спроведува електронскиот надзор на целата територија на РМ, и 13 вработени во секторот за ресоцијализација од КПУ се определени за извршување на пробациски работи за условниот отпуст. Во март април 2018 година по 3-ца вработени во секторот за обезбедување од секоја КПУ (вкупно 33 лица) ќе бидат обучени за поставување и отстранување на опремата за електронски надзор кои овие активности ќе ги вршат на терен.

- ***Започнување со работа на Пробациската канцеларија на подрачјето на Основен суд Скопје 1 како пилот проект***
  - Започна со работа пробациската канцеларија во Основниот суд Скопје 1, која е во целост опремена со мебел и компјутерска опрема и двајца вработени од Управата за извршување санкции се распределени да ги извршуваат работните активности во оваа канцеларија.
  - Во следниот период ќе се продолжи со воспоставување на локални пробациски канцеларии на подрачјето на 5 основни судови со проширена надлежност (Штип , Велес, Тетово, Струмица и Прилеп).

- ***Да се воведе Евиденција за спроведување на препораките од Комитетот против тортура на Советот на Европа***
  - Управата за извршување на санкции подготви Акциски план со мерки, временска рамка и

статус на реализација на Препораките на Комитетот на Советот на Европа против тортура, со што се воведе евиденција на препораките и систем за следење на нивната реализација.

- ***Пренесување на надлежноста за здравствена заштита на затворениците од Министерството за правда во Министерството за здравство***
  - Во тек е постапка за преземање на здравствен персонал од КПД Идризово и Затвор Скопје во Јавна здравствена установа Скопје. Моментално во Казнено поправната установа Идризово вработени се 5 здравствени работници (општ лекар,специјалист психијатар, општ лекар, дипломиран стоматолог, биотехнолог - лаборантски техничар). Во затвор Скопје се вработени 3 здравствени работници (општ лекар,дипломиран стоматолог, лаборантски техничар). Дополнително, буџетот на здравствената институција Скопје е зголемен за 21 милион денари.
  - Во однос на пренесувањето на здравствената заштита во казнено поправните установи, министерството за здравство направи измени на статусот на релевантните здравствени установи. Во тек е процедурата за преземање на здравствен персонал во останатите казнено поправни институции.

- ***Прв извештај од спроведената проверка за функционирањето на АКМИС системот со утврдени констатации за евентуални злоупотреби со препораки***
  - На 22.09.2017 беше формирана работна група за увид во функционалноста на информатичкиот систем (АКМИС) со цел овластен пристап до АКМИС заради увид во податоците и контрола на досегашното работење на информатичкиот систем, правилна употреба, автоматска распределба, утврдување на евентуална злоупотреба и одговорност и надзор над примената на одредбите од Судскиот Деловник. Групата беше составена од 8 лица (МП, ИТ лица од МП, ОС Кавадарци, ССРМ, АС Скопје, судии од ОС Кавадарци, АС Скопје).
  - Првиот дел од увидот во функционалноста на информатичкиот систем и надзор над примената на одредбите од Судскиот Деловник во судовите, заврши. Увидот го спроведе Работна група која беше формирана од страна на Министерството за правда, а ја сочинуваат стручни лица од Министерството за правда, судии и информатичари.
  - Првиот увид се спроведе во Основниот суд Скопје 1 Скопје, на 5 и 10 октомври 2017 г. Во Апелациониот суд Скопје увидот беше извршен на 09 ноември 2017 г. Во Врховниот суд увидот беше извршен на 17 ноември 2017г.. Предмет на увид, во сите три суда, беа процедурите за функционирање на АКМИС, годишниот распоред на судии, процедурата за исклучување на судија од автоматска распределба и прераспределба на предмети, сите одлуки за рачна распределба на предмети.
  - Констатирани се недоследности во примената на Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник како и недоследност во користењето на АКМИС во Основниот суд Скопје 1 Скопје и во Врховниот Суд.
  - Во Апелациониот Суд во Скопје е констатирано дека Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник се применуваат, АКМИС е имплементиран и редовно се користи, освен во делот за судска управа.
  - Дел од извештајот е презентиран пред медиуми, објавен на веб страна на Министерство за правда. Целосниот извештај е класифициран документ означен со степен на доверливост и е доставен на натамошно постапување на надлежните институции (Јавно обвинителство , Судски совет).
  - До крајот на април 2018 Комисијата ќе заврши со проверка на АКМИС на судовите на останатите 3 Апелациони судови (Штип, Битола, Гостивар) како и 8 основни судови (Штип, Гостивар,Битола,Тетово,Прилеп,Велес, Куманово, Крива Паланка, Охрид).Откако

ќе заврши проверката,предвидено е да се подготват препораки за надминување на воочените слабости во АКМИС системот, како и да се продолжи со редовна ревизија на истиот.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден ДОМ
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# РЕФОРМА НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ И РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 2. Реформа на безбедносните и разузнавачките служби

Владата смета дека **реформата на безбедносните и разузнавачките служби е повеќе од неопходна**. Имајќи предвид дека станува збор за сеопфатна реформа, Владата се залага за обезбедување транспарентна и инклузивна дебата, во која процесот на консултации ќе биде соодветно спроведен. Во таа насока се формираше работната група сочинета од претставници од релевантните институции, опозицијата и стручната јавност, која го подготви **Планот на мерки и активности за надминување на слабостите во сегашниот систем на следење на комуникациите**, а во интерес на гарантирање на законитоста, заштитата на човековите права и безбедноста на државата и граѓанинот. Реформата ќе се спроведува конкретно и на терен, согласно утврдена динамика за потребните промени, со крајна цел за враќање на довербата во системот.

Во делот на **реформа на полицијата**, започнат е процесот за воспоставување на независен надворешен механизам за контрола на работењето на полицијата кој треба да обезбеди непристрасност во постапувањето во случаите кога постои сомнеж дека се сторени кривични дела од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи.

- ***Започнување со инклузивна дискусија во Собранието за избор на моделот за реформа на системот на следење на комуникациите.***
  - По интензивните консултации во рамките на Министерството за внатрешни работи за моделот за реформа на разузнавачкиот и безбедносниот систем истиот беше избран од страна на Владата на 12.09.2017 г.

- ***Усвојување на Планот за имплементација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015/2017), со листа на правни акти, административни и технички мерки и финансиски импликации***,
  - Владата, на 31.10.2017 година, донесе Одлука со која беше формирана работна група составена од претставници на сите инволвирани институции, научната и стручната јавност, како и претставници од двете собраниски комисии за надзор над работата на УБК и АР и надзор над примената на Посебните истражни мерки за следење на комуникации. Работната група го изготви Планот за реализација на препораките на експертите од Европската комисија предводени од Р. Прибе за системските прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015/2017), и ќе ја координира и следи неговата подоцнежна имплементација.
  - Планот за имплементација на препораките на групата високи експерти за системските прашања од областа на владеење на правото во врска со следењето на комуникациите (2015/2017 е усвоен од Владата на 27.11. 2017г.
  - На 18.12.2017г. се одржа дебата за реформи на Министерството за внатрешни работи и надзорните механизми за контрола врз следењето на комуникациите организирана од страна на Хелсиншкиот комитет за човекови права, на која учествуваа повеќе граѓански организации. Министерството за внатрешни работи организираше 3 средби со операторите, како и 3 средби со граѓанските организации. Од страна на ГО беа организирани 4 јавни расправи/трибини.

- ***Усвојување од Владата на пакетот закони неопходни за реформа на системот за следењето на комуникациите***
  - Во насока на надминување на забелешките од групата високи експерти за системските

прашања од владеење на правото. Работната група ги изготви следните предлог законски текстови во делот на следење на комуникации:

- Закон за следење на комуникациите, (статус: донесен од Собрание)
- Закон за Оперативно техничката агенција ( ОТА), (статус: донесен од Собрание)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за електронски комуникации, (статус: донесен од Собрание)
- Закон за изменување и дополнување на Законот за кривична постапка (статус: во собраниска процедура, 2/3 мнозинство)и
- Закон за измени и дополнување на Законот за класифицирани информации (статус: донесен во Собрание).

- Пред да влезат во владина постапка, истите беа објавени на ЕНЕР на 24.11.2017г. Целиот пакет закони беше усвоен од Владата на седницата на 26.12.2017г.
- Паралелно со изготвувањето на прописите, работната група континуирано одржуваше средби со експерти, граѓански организации, претставници од операторите со цел презентирање на националниот модел за надминување на констатираните недостатоци во областа на следењето на комуникациите и добивање на нивни предлози, сугестии.
- Во периодот од 11-15.12.2017г., 4-5.01.2018г. и 30-31.01.2018г. се реализираа експертски мисии со експерт на Европска комисија, кој беше воедно и член на групата на високи експерти.
- Предложениот пакет на закони се однесува на следното:
- **Со Предлог Законот за следење на комуникациите** се уредува: постапката за спроведување посебна истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации; условите и постапката за спроведување на мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата; обврски за Оперативно - техничката агенција и операторите, како и надзор и контрола на примена на мерките за следење на комуникациите. Детално е разработена постапката за спроведување на посебната истражна мерка: следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации, почнувајќи од барањето за донесување наредба за нејзино спроведување, неговата содржина, издадената наредба за спроведување на посебната истражна мерка, вклучувајќи ги и анонимизираните примероци за потребите на Оперативно-техничката агенција и за потребите за вршење на надзорот и контролата, улогата на јавниот обвинител за време на спроведувањето на мерката, обврската на овластените лица на правосудната полиција за изготвување извештаи за информирање на јавниот обвинител, како и начинот на чување и ништење на податоците собрани со посебната истражна мерка. Се уредуваат и условите и постапката за спроведување на мерки за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата. Исто така прецизно се разработува начинот на вршење на надзорот од страна на надзорните и контролните тела за спроведувањето на мерките за следење на комуникациите. При тоа се утврдува дека надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА вршат Собранието на Република Македонија, Советот за граѓанска контрола, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекцијата за заштита на лични податоци и Народниот правобранител на Република Македонија.
- **Со Предлог Законот за Оперативно-техничка агенција** се уредува основањето на Оперативно-техничка агенција, надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во Оперативно-техничката агенција, стручниот надзор што Оперативно-техничката агенција го врши над работата на операторите и нејзиното финансирање. Се предвидува основање на Оперативно-техничка агенција како

самостоен и независен државен орган кој обезбедува техничка поврзаност помеѓу операторите и овластените органи. Оперативно-техничката агенција е предвидено да дејствува како посреднички орган кој воспоставува технички премин помеѓу операторот и овластените органи, без можности за активирање или спроведување на снимањето на следените комуникации. Техничката поврзаност се обезбедува исклучиво врз основа на судска наредба заради спроведување на следењето на комуникациите во согласност со Законот за следење на комуникациите.

- **Со предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации** се определува точното времетраење во кое операторите се должни да ги задржуваат податоците за моменталната географска, физичка или логичка локација на терминалната опрема на своите претплатници, односно корисници независно од нивната комуникациска активност, доволно за остварување на целите на Законот за електронските комуникации и Законот за следење на комуникациите, без да ги нарушат основните права и слободи на граѓанинот коишто се однесуваат на моралниот интегритет.
- **Со Предлогот Законот за дополнување на Законот за класифицирани информации** ќе се овозможи постапката за безбедносна проверка од трет степен за лицата назначени во надзорните тела кои вршат надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, како и за ангажираните акредитирани национални и меѓународни технички експерти од тие тела, согласно Законот за следење на комуникациите, да трае еден месец од денот на поднесување на барањето. Со овој Предлог Закон се предвидува и безбедносна проверка од втор степен за лицата пред засновање на работен однос во Оперативно – техничката агенција, согласно Законот за Оперативно – техничка агенција, да трае еден месец од денот на поднесувањето на барањето.

- ***Усвојување од Владата на пакетот закони неопходни за воспоставување на надворешниот механизам***
  - Предлогот за моделот за надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата беше усвоен од Владата на 12.09.2017г.
  - Во насока на воспоставување на надворешниот механизам за надзор на работата на Министерството за внатрешни работи беа подготвени следните законски измени:
    - Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за судови статус: во собраниска процедура, 2/3 мнозинство)
    - Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство статус: во собраниска процедура, 2/3 мнозинство),
    - Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавно-обвинителска служба (статус: донесен од Собрание),
    - Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи (статус: донесен од Собрание),
    - Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција (статус: донесен од Собрание) и
    - Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкции (статус: донесен од Собрание)и
    - Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител (статус: донесен од Собрание)

    Предлог законот за изменување и дополнување на законот за Народен Правобранител беше усвоен од страна на Влада на 04.01.2018г. додека останатите предлог закони, беа усвоени од Владата на 26.12.2017г .
  - Предложениот пакет на закони се однесува на следното:
  - **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за судови** се врши

пропишување на нова надлежност на специјализирано судско одделение за судење на дела од областа на организираниот криминал и корупција за целата територија на Република Македонија во Основниот суд Скопје I – Скопје, за кривични дела извршени од страна на полициски службеници и за службени лица од други органи за спроведување на законот.

- **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство** се предвидува да се формира посебно Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Воедно, се предвидува одделението да има посебна стручна служба и јавнообвинителски истражители. Јавните обвинители и раководителот на одделението ги распоредува јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за време не пократко од 4 години. Истовремено се дефинира што се подразбира под лице со полициски овластувања односно тоа е полициски службеник, овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања, припадници на финансиска полиција, со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела и овластени службени лица на Министерство за одбрана кои работат на откривање и истражување на кривични дела.
- **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно-обвинителска служба** се утврдуваат: звањата на вработените, постапката за вработување и унапредување во Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, стажот на осигурување и платите како и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во новоформираното Одделение,
- **Со Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи** се предвидува обврска по прием на кривична пријава или добиено сознание дека работник на Министерството со статус на полициски службеник или овластено службено лице за безбедност и контраразузнавање со полициски овластувања сторил кривично дело при вршење на службено дејствие или дејствие вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба ако за последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, Министерството без одлагање да го извести Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Во овие рамки, Министерството заедно со известувањето, ги доставува до Одделението сите извори на сознанија за стореното кривично дело, сторителот и жртвата и други извори на информации со кои располага.
- **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција** се предвидува дека по прием на кривична пријава или добиено сознание дека полициски службеник сторил кривично дело при вршење на службено дејствие или дејствие вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба ако за последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност за кое Министерството е должно без одлагање да го извести Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран

криминал и корупција, организациската единица во Министерството надлежна за внатрешна контрола и професионални стандарди презема дејствија заради иницирање на дисциплинска постапка за тој работник, по одобрение на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за што изготвува извштај со мислење до министерот за внатрешни работи.

- **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкции** предвидена е обврска по добиено сознание за постоење основи на сомневање дека припадник на затворската полиција сторил кривично дело при преземање на службено дејствие или дејствие вон службата со употреба на сила ако за последица настапила смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда или противправно лишување од слобода доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, казнено-поправните и воспитно-поправните установи или Управата за извршување на санкциите без одлагање го известуваат Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.
- **Со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител** се овозможува создавање посебно надворешно тело, како дополнителен коректив на системот на истрага при кривични дела извршени од страна на овластени службени лица при Министерството за внатрешни работи и припадници на затворската полиција. За таа цел, предвидено е во рамките на Народниот правобранител да биде формирана посебна организациона единица - механизам за граѓанска контрола. Имено, во таа организациона единица ќе има три претставници од невладини организации кои заедно со Народниот правобранител ќе преземаат дејства и мерки за обезбедување поддршка и заштита на жртвата/ите, нивните права и презентирање на нивните интереси во сите постапки, преку ефикасна и транспарентна истрага, при кривични дела и други незаконити постапувања извршени од страна на вработени во Министерството за внатрешни работи при примена на полициски овластувања и од припадници на затворската полиција. Изборот на невладините организации го врши Собранието врз основа на јавен оглас кој се распишува секоја година. Потоа избраните три невладини организации ќе номинираат по еден претставник за надворешен член во Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола со мандат од една година.
- Со цел обезбедување на успешна имплементација на надворешниот механизам се подготви Акциски План за воспоставување на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција. Тој содржи конкретни мерки, надлежни институции и временски рокови за нивна реализација, потребни финански средства за нивна реализација, како и дали тие се обезбедени во буџетите на надлежните институции.
- Во неговото изготвување беа вклучени сите институции кои имаат надлежности во имплементацијата на целокупниот концепт на надворешниот механизам: Јавното обвинителство на РМ, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Народниот правобранител, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Царинската управа, Управата за финансиска полиција, Управата за извршување на санкциите, Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.
- Акцискиот план е усвоен од Владата на 03.04.2018г.
- Тој се состои од 3 целини: Воспоставувањето на Одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската

полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција; воспоставувањето на посебна организациона единица - механизам за граѓанска контрола кај Народниот правобранител,како и дополнителни легислативни измени (закони и подзаконски акти) од страна на институциите со лица кои имаат полициски овластувања и припадниците на затворската полиција.

- ***Формирање и именување на членови на Национален комитет за спротивставување на насилниот екстремизам и радикализација која води кон тероризам.***
  - На седницата одржана на 04.08.2017г. Владата донесе Решение за назначување на членови, заменици членови и секретари на Национален Комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам. Одлуката е објавена во „Сл.Весник на РМ" бр.98 од 01.08.2017 г.

- ***Назначување Национален координатор за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам и негови заменици.***
  - Владата на седницата одржана на 4.8.2017г. донесе Одлука за именување на Националниот координатор за спречување насилен екстремизам, како и Одлуки за именување на Заменик национален координатор за спречување на насилен екстремизам и Заменик национален координатор за борба против тероризам. Одлуките се објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 110 од 14.8.2017г.

- ***Организирање на јавни трибини со претставници на граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, верските заедници, експертската и научната јавност со цел дефинирање и имплементирање на соодветни мерки за превенција од насилен екстремизам и борба против тероризам***
  - Во тек е изготвување на проект во соработка со Британската амбасада и други меѓународни партнери за организирање на национални јавни консултации. Проектот се предвидува да се оствари во три фази од јануари до април 2018 година. 1 фаза: тематски тркалезни маси во десет различни општини; 2 фаза: дводневна работилница; 3 фаза: јавни форуми или трибини за подигање на свеста на сите општествени чинители. На 13 и 14 февруари 2018 год во Скопје и Тетово одржани се јавни трибини со претставници од граѓанскиот сектор и локалната самоуправа каде беа презентирани концептите на предлог стратегиите за превенција од насилен екстремизам и борба против тероризам.

- ***Усвојување на Националната Стратегија на Република Македонија за борба против тероризам со Акциски План***
  - Националната Стратегија на Република Македонија за борба против тероризам со Акциски План е усвоена од Влада на 06.03.2018г.

- ***Усвојување на Националната Стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам со Акциски План***
  - Националната Стратегија на Република Македонија за спречување на насилен екстремизам со Акциски План е усвоена од Влада на 06.03.2018г.

- ***Евиденција за состаноците на Националниот комитет за борба против тероризам***
  - Во октомври и ноември 2017 г., во организација на УСАИД се одржа тематска обука со цел да се надградат знаењата на Координаторот и Замениците Координатори со детално изучување на различни концепти и манифестации на проблематиката насилен екстремизам, и запознавање со веќе испробани и успешни програми и политики за

превенирање и борба со насилен екстремизам на глобално, регионално, национално, локално и индивидуално ниво.

- Во период од 07-09.11.2017г., во Скопје се одржа симулациската вежба ,,Странски Терористички Борци: Промовирање Превенција и Отпорност" организирана од Амбасадата на САД, ОБСЕ и Конзорциумот ,,Партнерство за Мир", а во соработка со Владата. Целта на симулациската вежба беше да се направат програмски препораки кои ќе ги поддржат државните институции и регионалните партнери во развојот на капацитетите и меѓународната соработка во спречувањето на сегашни и идни безбедносни предизвици, како во државата, така и во Регионот. Оценките на Комитетот се дека препораките од заклучните извештаи од вежбата треба да се искористат како основа за отпочнување на изработка на националните стратегии и акциски планови за спротиставување на насилен екстремизам и борба против тероризам.
- На 15.11.2017г. година, Националниот координатор и Заменициte координатори заедно со УСАИД организираа тркалезна маса за членовите и замениците членови на Националниот комитет. Целта на оваа тркалезна маса беше членовите и нивните заменици да се претстават, да го споделат нивното искуство на темата спротиставување на насилен екстремизам и борба со тероризам, да објаснат како ја сфаќаат својата улога во работата на Комитетот, и како можат поактивно да се вклучат во изготвувањето на стратешките документи.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# СОБРАНИЕ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

### 3. Собрание

Владата во рамки на своите надлежности ги поддржува мерките за обновување и развој на демократскиот амбиент, низ политички дијалог и **соработка со сите парламентарни партии, а особено со опозицијата.** Владата континуирано дава придонес во насока на обезбедување на услови за целосна имплементација на договорените Препораки по **немилите настани од 24/12/2012г., поврзано со насилните настани од 27/04/2017г..** Владата, коалиционите партнери и мнозинството во Собранието, во отворена и искрена соработка со опозицијата, се залагаат надзорната функција на Собранието и собраниските тела над работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби, да биде редовна и рутинска, со највисок можен степен на транспарентност.

- ***Заради зајакнување на отчетноста, Владата му предлага на Собранието, покрај редовните, да воведе и тематски пратенички прашања, еднаш неделно во траење од еден час***
  - На 16.08.2017г., Претседателот на Владата упати писмо до Претседателот на Собранието, во кое се посочува на недвосмислената подготвеност на Владата за одржување на неделни, тематски пратенички прашања во траење од еден час, во време и формат кој е најсоодветен и согласно внатрешни процедури на Собранието.
  - Владата одговори на барањата на претседателот на Комисијата за надворешна политика за расправа по нацрт договорот за пријателство и добрососедство со Бугарија. На 18.07.2017 Претседателот на Владата го елабориураше договорот на затворена седница на комисијата.
  - Дополнително Владата, односно коалиционите партнери и мнозинството во Собранието, се грижи надзорната функција на Собранието и собраниските тела над работата на Владата и нејзините безбедносни и разузнавачки служби, да биде редовна и рутинска.
  - Во членот 122, став 2 од Деловникот на Собранието е утврдено дека работните тела можат на седниците да покануваат стручни лица и експерти од одделни области и други институции и здруженија заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телата. Исто така, Владата се обврзува и прифаќа задолжително елаборирање пред собраниските тела на предлог законите на експертско ниво

- ***Зајакнување на улогата и учеството на претставници на граѓанското општество, во работата на работните тела на Собранието***
  - Во насока на отворање на Собранието за невладиниот сектор, тоа беше домаќин на 2 настана организирани со граѓански организации. Активирана и функционална е нова алатка, наречена „е-Прозорец“ што им овозможува на граѓаните да се пријават за присуство на пленарните седници. Исто така додадена е и нова алатка преку која граѓаните може да се запознаат посебно со активностите на пратениците означена со името „Средби".
  - Во септември 2017, Собранието ја обнови Интерпартиската парламентарна група за правата на лицата со хендикеп (ИППГ), во соработка со Полио плус. Исто така, за прв пат, Собранието воспостави Клуб за младински прашања и политики. Клубот е неформално тело, составено од членови на сите парламентарни партии чија што цел е остварување на интересите на младите во земјата, во соработка со младинските организации, неформалните младински групи и партиските подмладоци.
  - На 23 февруари 2018 година, во Собранието беше конституирана Интерпартиска парламентарна група за правата на ЛГБТИ лицата со цел заштита и унапредување на правата на припадниците на оваа заедница, без разлика на нивната сексуална ориентација и родов идентитет.
  - Од друга страна, во писмото на Премиерот, Владата се обврзува дека парламентарното мнозинството ќе се залага и за поголема соодветна вклученост на граѓанското општество во дискусиите на собраниските тела.
  - Владата активно се залага и за вклучување на Собранието во реформата на разузнавачките и безбедносните служби.
  - Во писмото Владата исто така се обврзува на целосна поддршка за мерки со цел враќање на демократскиот амбиент во оваа клучна институција, низ политички дијалог и соработка со сите парламентарни партии, вклучително и со опозицијата.

- ***Зголемување на улогата на опозицијата во работата на Собранието преку овозможување на мнозинство и претседавање во значителен број на собраниски***

***комисии.***

- На седницата на Собранието одржана на 14.07.2017 г. беше донесена одлуката за формирање на Национален совет за евроинтеграции. Избрани се претседател (од опозицијата) и заменик претседател. Формирани беа 21 комисии, од нив со 10 претседава опозицијата (ВМРО-ДПМНЕ, СПМ, БЕСА), а со 11 претседава позицијата (СДСМ, ДУИ, вклучително и независни пратеници). На првата седница на НСЕИ одржана на 20 септември 2017, се дискутираше за реализираните активности на Владата и идните планови во делот на реформите поврзани со процесот на европска интеграција.

- ***Враќање на суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе партиципираат УБК и Агенцијата за разузнавање.***
    - Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање одржа седница на 04.07.2017, на која се усвои Деловникот за работа.
    - На 19.07.2017 г. во Собранието се одржа заедничка средба на двете парламентарни комисии за надзор над работата на безбедносно-разузнавачките служби, со експертите од Европската комисија предводени од Р. Прибе. На средбата се разговараше за собранискиот надзор и за имплементација на препораките,при што присутните се согласија заедно да работат во исполнување на препораките. Претседателите на двете комисии истакнаа дека ќе дадат поголем придонес во сите области за кои се надлежни комисиите.
    - На 30.08.2017 беше одржа втората седница на Комисијата. Седницата беше затворена за јавноста поради класифицирани информации во документите, Комисијата дискутираше за Извештајот на работата на УБК и АР за 2016 г.
    - На 18.09.2017 г. беше одржа седница на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање, на која се разгледуваше Информација за потребата од формирање на Меѓуресорска работна група за изготвување и следење на имплементацијата на Планот за реализација на препораките на групата високи експерти за системски прашања од владеење на правото во врска со следењето на комуникациите. Комисијата определи двајца членови кои ќе учествуваат во работата на меѓу-институционалната работна група.

- ***Враќање на суштинската надзорна улога на Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе партиципираат сите надлежни институции.***
    - Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, на 18.07.2017 год. ја одржа првата седница на која беше усвоен Деловник за работа на комисијата. На седницата присуствуваа претставници од МВР, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана.

- ***Реактивирање на Клубот на жени пратенички***.
    - Конститутивната седница на Клубот на жени пратенички се одржа на 6 јули 2017 г. Клубот ќе делува за иницирање законски решенија за постигнување на родова еднаквост

и унапредување на правата на жените, нивно активно вклучување во процесот на одлучување во државата како и зајакнување и ширење на демократијата во сите сфери на општеството. Клубот на пратеничките на 20.07.2017 год. одржа средба на тема “Клуб на пратенички, достигнувања и приоритети”.На 27.07.2017 се одржа вториот состанок.

- Клубот, во рамки на своите надлежности, реагираше и го осуди дискриминаторскиот однос кон жените-учеснички на Меѓународниот атлетски маратон во Охрид, на кој наградите за жените натпреварувачки, се пониски од оние за мажите натпреварувачи. Исто така, во текот на месец август работеше на изготвување на Предлог - Декларација за вклучување на повеќе жени градоначалнички во Република Македонија. На 21-22 септември 2017г., клубот одржа работилница на тема: “Градиме мостови на разбирање” на која учествуваа членки на Клубот на пратенички на Собранието.

- ***Реактивирање на Постојаната анкетна комисија за човекови права***
  - На седницата на Постојаната анкетна комисија за човекови права одржана на 14.07.2017 г, се избраа претседателот и заменик претседателот на комисијата со што се комплетираше составот.
  - Претседателот на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, на 14.09.2017 година, одржа средба со НДИ, каде се дискутираше за приоритетните прашања за разгледување на следните седници, организирање на теренски посети на казнено-поправните домови, институциите и установите за душевно болни, Прифатниот центар за баратели за азил и други, како и организирање на одбележување на 10 декември-Меѓународниот ден на човековите права, во Собранието.

- ***Редовна и суштинската надзорна работа на Комисијата за надзор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку редовни состаноци во кои задолжително активно ќе учествуваат надлежните институции,***
  - На 16.11.2017г. година во Собранието се одржа ад хок средба на Меѓуресорската група за реформи, на која присуствуваа претседателот на Собранието, Министерот за внатрешни работи, координаторите на пратеничките групи, и претставници на парламентарните надзорни комисии. Средбата беше во насока на споделување информации за подготовките за имплементација на реформите на безбедносните служби коишто произлегуваат од Извештајот на високата група на експерти. Пакетот реформи беше предмет на јавна расправа и вклученост на Собранието, надлежните институции, академската сфера, како и граѓанскиот сектор, се со цел да се обезбеди инклузивност и транспарентност на процесот чија цел е заштита на уставниот поредок на земјата, како и на човековите права и слободи.

.

- ***Зајакнување на капацитетите на членовите на Комисијата за надзор на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, и Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите од страна на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана, преку активна соработка со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ).***
  - Претседателите и членови на Комисијата за одбрана и безбедност, Комисијата за

контрола на работата над УБК и АР и Комисијата за надзор на следењето на комуникациите, како и директорите на разузнавачко-безбедносните институции на Република Македонија, од 21- 23.11.2017 г. учествуваа на експертска тркалезна маса за реформа на разузнавачката заедница и зајакнување на парламентарниот надзор, која се одржа во Женева, Швајцарија. Настанот беше организиран од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили - DCAF, а поддржан од Владата на Швајцарија. Во духот на стратешката соработка помеѓу DCAF и Собранието на Република Македонија беше изготвен и прифатен акциски план со активности за експертска помош на работните тела на Собранието на Република Македонија.

- ***Продолжување на работата на работната група за реформи на Собранието, со цел постигнување прифатлив политички договор за измени во Деловникот, и зајакнување на самостојните капацитети на Собранието***
  - Собраниската работна група изработи предлог документ за измени на Деловникот со цел зајакнување на самостојните капацитети на Собранието. Нацртот чека на политички консензус за да биде формално изгласан.

- ***Активна соработка со ЕУ експертите во Собранието и нивна вклученост во работната група за реформи на Собранието***
  - Експертите на ЕУ се активно вклучени во групата за реформи на Собранието, како и групата за изработка на Етичкиот кодекс

- ***Носење на Етички кодекс за пратениците, согласно препораките на Извештајот од 24/12/2012г. и ГРЕКО***
  - Собраниската работна група изработи Етички кодекс за пратениците и за службата, согласно препораките на ГРЕКО. Нацртот чека на политички консензус за да биде формално изгласан.

- ***Активна поддршка на Собранието преку обезбедување услови за функционирање и демонстрирање политичка поддршка за работата на мулти-партиските интересни групи на пратеници како Клубот на пратенички и Клубот на млади пратеници,***
  - Во организација на UN Women и Македонското женско лоби (МЖЛ), во Струга на 21 и 22.09.2017 г. се одржа Работилница под мотото „Градиме мостови за разбирање“, на која учествуваа членки на Клубот на пратенички на Собранието. На работилницата свои обраќања имаа координаторката на Клубот на пратенички, претставничките на Телото на ОН за родова рамноправност и зајакнување на жените (UN Women), Генералната секретарка на Собранието и Извршната директорка на Македонското женско лоби.
  - Клубот на пратенички на 06.10.2017г. година во соработка со Националниот демократски институт (НДИ), организираше промоција на кандидатките за градоначалнички на локалните избори во Република Македонија. Од 15 кандидатки за градоначалнички на промоцијата се претставија 10 кандидатки. На локалните избори имаше 15 кандидатки за градоначалнички и 50 носителки на советничките листи. Потребна е заложба за зголемување на бројот на жени во одлучувачките структури во политичкиот и општествениот живот во Република Македонија.

- ***Проактивно учество на пратеничките групи во меѓународни иницијативи, и иницирање самостојни Собраниски иницијативи за подобрување на довербата и унапредување на дијалогот помеѓу мнозинството и опозицијата,***
  - Собранието во инклузивен состав учествуваше во иницијативата Вилтон Парк, во Велика

| |
|---|
| Британија која се реализираше во периодот 14-16.02.2018г. година. |

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# ИМЕНУВАЊА

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 4. Именувања

Владата се обврзува да ги **почитува во целост законските процедури и критериуми при именувањето на лица на раководни позиции како и членови на управни и надзорни одбори**. Исто така, Владата ќе настојува и понатаму да обезбеди непречено функционирање на сите државни институции, вклучително и на дипломатската мрежа, со целосно почитување на дефинираните уставни и законски надлежности.

- ***Продолжување на консултациите со Претседателот на РМ за пополнување на испразнетите места во дипломатско-конзуларните претставништва***
  - Се спроведуваат консултации со претседателот на Република Македонија за пополнување на упразнетите места во дипломатските претставништва.
  - Заокружена е формалната процедура за именување на првата група од 8 амбасадори-шефови на ДКП-а. Постапка за агреација за 7 амбасадори- шефови на ДКП-а пред земјите на акредитација заврши, додека за 8-миот амбадасадор е во тек. Консултациите ќе продолжат за следната група на иницијални предлози за шефови на ДКП-а.

- ***Избор на Јавен обвинител***
  - Владата на 07.11.2017г. до Собранието достави Предлог за именување на Јавен обвинител на Република Македонија. Јавниот обвинител е избран на 25.12.2017 г.

- ***Избор на членови на Уставен суд***
  - Претседателот на Република Македонија на 20.11.2017 г. до Собранието достави Предлог за избор на 2 судии на Уставен суд.
  - Избрани се 3 судии на Уставен суд на Република Македонија, од кои 2 на 11.01.2018г. на предлог на Претседателот и еден судија на 05.03.2018г на предлог на Собранието.

- ***Избор на членови на Советот на јавни обвинители***
  - Од страна на претседателот на Собранието на РМ беа распишани два огласи за избор на два члена на Советот на јавни обвинители и тоа првиот на 07.06.2017 а вториот на 18.08.2017 год.
  - Избран е еден член на Советот на јавни обвинители во февруари 2018, и 2 нови членови на 05.03.2018.

- ***Избор на судии за испразнетите места***
  - Во периодот од септември 2017 досега ССРМ изврши избор на 5 судии и 5 претседатели на судови:
  - На 08.11.2017 година избран е претседател на ОС Скопје 1, согласно оглас објавен на 24.07.2017 година.
  - На 23.11.2017 година избрани се 4 претседатели на судови ( Претседател на АС Штип, претседател на ОС Куманово, претседател на ОС Тетово и претседател на ОС Ресен), согласно оглас објавен на 24.07.2017 година.
  - На 23.11.2017 година избрани се 5 судии: 1 судија во Врховен суд, 3 судии во АС Скопје и 1 судија во АС Битола.
  - На 25.12.2017 објавен оглас за избор на 2 претседатели на судови и 2 судии: Претседател на АС Скопје и Претседател на ОС Дебар, како и еден судија (за кривична област) на Врховен суд на Република Македонија и 1 судија (за кривична област) на АС Скопје. На огласот се пријавиле вкупно 14 кандидати за Претседател и 27 кандидати за

судија. Постапката за избор е во тек

- На 14.03.2018 год. донесена е одлука со која е определен судија на Апелационен суд Скопје за вршител на должноста Претседател на Апелационен суд Скопје.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден ДОМ
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9
од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА (РЈА) И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 5. Реформа на јавната администрација (РЈА) и добро управување

**Реформата на јавната администрација** (РЈА) е еден од клучните приоритети на Владата, што започна со подготовка на квалитетна, сеопфатна и остварлива Стратегија за РЈА. Главни цели на РЈА се департизација и професионализација на администрацијата, како и градење на транспарентна, квалитетна и сервисно ориентирана администрација која ќе функционира и работи во подобрени услови.

Со зајакнување на **интероперабилноста**, зголемување на бројот на е-услуги и примена на современи информатички технологии, Владата се стреми кон дигитализација за обезбедување на побрзи, поедноставни и лесно достапни услуги за граѓаните.

Во делот на **доброто управување**, Владата објави Граѓански буџет за Буџетот за 2018г. година, со цел граѓаните да добијат разбирлива слика за трошењето на јавните финансии. Исто така, Владата ја усвои Програмата за реформи на управувањето со јавните финансии 2018г.-2021, која треба да обезбеди стабилност и зајакнување на среднорочното планирање.

- ***Владата ќе донесе Одлука за декласификација на сите документи од интерес на јавноста.***
  - Владата на 8-та седница, одржана на 22.06.2017 година усвои заклучок со кој ги задолжи сите министри да ги декласифицираат сите информации/податоци коишто се поврзани со трошоци за службени патувања и трошоци за репрезентација во самите министерства (во иднина, како и од претходниот период), освен податоците кои треба да останат заштитени согласно законските прописи (заради безбедносни структури, служби и слично).
  - Владата на 25-та седница, одржана на 29.08.2017 година усвои заклучок да се декласифицираат информациите донесени од Владата кои се од јавен интерес и се однесуваат на договорите за доделување на државна помош.
  - Притоа, задолжени беа директорите на Агенцијата за странски инвестиции и Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони да ги декласифицираат информациите кои претходно биле класифицирани од нивната институција, а се однесуваат на информации и договори за доделување на државна помош.

- ***Укинување на одлуката за утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација, од имателите на информации.***
  - На 17.08.2017 Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, одржа состанок со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што се дискутираше за можностите и ефектите од евентуалното укинување на Одлуката за утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадена информација, од имателите на информации.
  - На 28-ма седница на ВРМ одржана на 19.09.2017 година, се донесе одлука со која се укинува надоместокот за испорака на информации од јавен интерес, во вид на електронски запис на информацијата на УСБ, или на е-маил адреса на барателите.

- ***Ревидирање на Регистарот на иматели на информации од јавен карактер и лица надлежни за слободен пристап до информации од јавен карактер во сите институции и задолжување на институциите да ги објават на веб страните документите од јавен карактер.***
  - Регистарот (Листата) на иматели редовно се ажурира. На 24 август 2017 година беше

испратено Циркуларно писмо за ажурирање на податоци, со цел одговорните и службените лица евидентирани во Регистарот на иматели на информации од јавен карактер, објавени на веб локацијата на Комисијата, да бидат потсетени на обврската која произлегува од членовите 8 и 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Истото беше пратено и електронски до 1259 лица во Листата на иматели за 2016 г. Комисијата до 14.12.2017г. ги регистрираше и евидентираше настанатите промени кај имателите на информации со што се направени измени и корекции за вкупно 836 иматели и се ажурирани и податоците на 137 ново назначени службени лица.

- ***Објавување на дневните редови за седниците на Владата на веб страната.***
  - Согласно заложбите и искажаната транспарентност за работењето на Владата, на веб страницата на Владата е креирана нова секција „Седници на Влада“ http://vlada.mk/vladini-sednici со која е овозможена достапност до дневните редови и усвоените записници од седниците на Владата (донесените заклучоци по точките од дневниот ред). Оваа новина на 17.08.2017 година е официјално објавена и промовирана во медиумите.

- ***Усвојување на Стратегија за реформа на јавна администрација 2018г.-2022 со Акциски план***
  - Работните подгрупи за доработка на Стратегијата за РЈА и Акцискиот План редовно одржуваа средби. Во текот на месец октомври 2017г., координаторите на работните подгрупи работеа заедно со експерти од СИГМА на ревидирање на Акцискиот план и трошоците за Стратегијата, кои исто така беа разгледувани на средби со членовите на работните подгрупи.
  - На 17.11.2017г. Нацрт - Стратегијата за РЈА беше доставена за мислење и коментари до ЕК, а дополнително на 13.12.2017г. доставен е и финалниот нацрт текст на Стратегијата, додека Нацрт Акцискиот план беше доставен до ЕК на 26.12.2017г.
  - Нацрт – документите беа поставени на веб страната на МИОА (http://www.mioa.gov.mk/?q=node/4542)
  - На 15 .01.2018г. се одржа јавна расправа на која беа презентирани последните верзии на Нацрт Стратегијата за РЈА (2018г.-2022) и Акцискиот план.
  - На 30.01.2018 се добиени коментари од СИГМА, на 06.02.2018 добиени се официјално и коментари од Европската Комисија и истите се интегрирани.
  - Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, со Акциски план е усвоена од Влада на 20.02.2018.
  - Фокусот е создавање на стручна и ефикасна, отчетна и транспарентна администрација која ќе обезбеди квалитетни услуги за граѓаните и бизнис-секторот и ќе ги заштити нивните права. Стратегијата за реформата во јавната администрација предвидува реформи во четири приоритетни области:(1) креирање на политики и координација,(2) јавна служба и управување со човечки ресурси, (3) одговорност, отчетност и транспарентност и (4) јавни услуги и ИКТ поддршка на администрацијата. Управувањето со јавните финансии е уредено во посебен стратешки документ.

- ***Формирање на Совет за реформи во јавната администрација претседаван од ПВРМ, задолжен за координација на процесот на РЈА***
  - На седница на Владата одржана на 20.12.2018г. се донесе решение (службен весник 192/2017г.) за формирање на Советот за реформа на јавната администрација. Претседател на Советот е претседателот на Владата, а членови се, заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, заменик претседателот на

Владата задолжен за рамковен договор и политички систем, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за финансии, министерот за правда, министерката за труд и социјална политика, министерот за локална самоуправа, министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, генералниот секретар на Владата, директорот на Агенцијата за администрација, претседателот на Заедницата на единиците на локална самоуправа и секретарот на Секретаријатот за законодавство.

- Конститутивната седница на Советот се одржа на 21.12.2017г., на која што се договори начинот на работа на Советот во однос на следење на реализацијата на оваа важна реформа, согласно насоките од ЕК.
- Воспоставен е Секретаријат на Советот кој го одржа првиот состанок на 19.02.2018г.
- На 20.02.2018 се одржа и првиот состанок на Советот на кој се усвои текстот на нацрт Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022 и акцискиот план пред нејзино финално усвојување од страна на Владата.

- ***Зајакнување на внатрешните капацитети на МИОА за следење на имплементација на активностите од стратегијата - формирање тим составен од административни службеници од МИОА***
  - Со Решение формиран е Тим за реформа на јавна администрација. Тимот е составен од 34 службеници од министерството. Тимот за реформа на јавна администрација е задолжен за (1) следење и координација на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавна администрација 2018-2022; (2) задолжително консултирање и усогласување на приоритетите и целите на Стратегијата за РЈА 2018г. – 2022 со Одлуката со која Владата годишно ги утврдува своите стратешки приоритети и приоритетни цели; (3) вршење проценка на влијанието на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија што се однесуваат на РЈА; (4) собирање на податоци и изготвување извештаи за остварениот напредок наменети за Секретаријатот за РЈА, Советот за РЈА и Владата на Република Македонија; (5) остварување на соработка и координирање на проектите за поддршка на РЈА, финансирани од страна на меѓународната заедница и донаторите; (6) обезбедување редовна комуникација со контакт лицата за РЈА од релевантните институции и (7) остварување на соработка со сите учесници во процесот на РЈА. Секој од членовите на тимот ќе има конкретни задачи, согласно оперативниот план за имплементација на Акцискиот План

- ***Усвојување на Насоки за добро управување за избрани и именувани лица во извршната власт***
  - Подготвена е компаративна анализа на Документи (од Европска Комисија, Велика Британија, Канада и САД) за добро однесување (Code of conduct) на избрани и именувани лица, како основа за изработка на Насоките.
  - Подготвен е нацрт текст на Насоките кој треба да биде финализиран до средината на февруари. На 23.02.2018г. се одржа средба со граѓански организации на која ќе се дискутира текстот. Добиени се коментари и забелешки од граѓанските организации кои се имплементираат во Нацрт-Насоките. на 26.03.2018 г. се одржа состанок со претставници од државните институции. Насоките се усвоени од Владата на 27.03.2018 и истите се доставени до сите избрани и именувани лица.

- ***Изработка на анализа на законска рамка за органите на државна управа, агенции и инспекциски служби, како основа за хоризонтална функционална анализа***
  - На 19.12.2017г се потпиша Меморандум за соработка помеѓу УНДП и Министерството за информатичко општество и администрација, за отпочнување на проектот во чии рамки ќе

се спроведува оваа анализа, и објавен е повик за експерти за изработка на истата. Во рамките на овој проект ќе се подготви мапирање и групирање на институции во Република Македонија кој истите ќе ги групира според нивниот статус и вид и други релевантни информации (од кого се формираат, пред кого се одговорни за работењето, итн). Податоците и информациите од мапирањето ќе бидат преточени во Каталог на институции. Врз основа на каталогот, ќе се спроведе анализата на законската рамка за органите на државна управа, агенции и инспекциски служби со која ќе се разгледаат клучни проблеми како што се формирањето на инситуции со посебни закони, линиите на отчетност, надлежностите на инстуциите и преклопувањето на истите, итн.

- Експертите имаа билатерални средби со претставници од неколку институции како појдовна точка за анализата на законската рамка на ОДУ и агенции а исто така одржуваат редовни работни средби со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација. Експертите изработија првични наоди и заклучоци на нацрт-извештајот за:рамката за институциите од јавниот сектор, хиерархијата во јавната администрација, функционалните разграничувања и за состојбата со човечки ресурси.
- Изготвена е анализа за функционирањето на инспекциските служби.

- ***Донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за административни службеници***
  - Законот за измени и дополнувања на Законот за административни службеници е усвоен од Владата на 07.11.2017 г. и донесен од Собранието на 15.01.2018г. година.
  - Измените на Законот за административни службеници имаат за цел унапредување на моделот на управување со човечки ресурси, заснован врз компетенции и привлекување и задржување на квалитетни вработени во јавната администрација, со што ќе се подобри квалитетот на услугите кон граѓаните и бизнис заедницата.
  - Измените ќе овозможат подобри услови за напредување во кариерата кај државните службеници кои години наназад немале можност за унапредување, а сепак ги поседуваат потребните компетенции, вештини и работно искуство за одредена работна позиција. Со законот се реструктуира постапката за селекција на кандидати за административни службеници, така што наместо четири фази истата се состои од три и тоа: административна селекција, испит за административен службеник и проверка на веродостојност на докази и интервју. Во однос на унапредувањата на административен службеник, покрај унапредување во едно непосредно повисоко ниво, се овозможува и унапредување во најмногу три нивоа, но во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерен оглас. Од друга страна, решенијата содржани во овој закон исто така ќе го елиминираат финансискиот трошок на кандидатите за стекнување со меѓународно признати сертификати за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и за познавање на работа со компјутерски програми за канцелариско работење. Со оглед на времето потребно за подготовка на испитот, а и времето кое ќе им биде потребно на оние кои ќе имаат обврска да го полагаат, постапката за селекција утврдена во овој закон во целост ќе може да започне да се применува од 1 септември 2018г.

- ***Финализирање на ажурирањето на Регистарот на вработени во јавниот сектор со цел да се објави вкупната бројка на вработени по сектори.***
  - Ажурирањето на информатичкиот систем за управување со човечки ресурси (ХРМИС) се одвива редовно, од страна на институциите кои внесуваат податоци во истиот.
  - За да се обезбеди целосно пополнување на податоците во ИСУЧР системот, со што би се добила точната бројка на вработени во јавниот сектор, на 34 седница на Собранието

на одржана на 21.02.2018 беа донесени измени и дополнувања на четири закони и тоа: (1) Предлог за изменување и дополнување Закон за вработените во јавниот сектор; (2) Предлог за изменување и дополнување на Законот за даночна постапка; (3) Предлог за изменување и дополнување на Законот за Управата за јавни приходи; и (4) Предлог за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Предложените измени на наведените закони ќе овозможат поефикасно водење на Регистарот и целосна искористеност и функционалност на ИСУЧР.

- На 30.03.2018 г. беше објавен годишниот извештај за вработените во јавниот сектор за 2017 година. Врз основа на истиот, вкупната бројка на вработени во јавниот сектор е 128,722. Извештајот е достапен на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација, http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/IzvestajReg2017_v1.02.pdf.

- ***Унапредување на процесот на среднорочно стратешко планирање и подготовка на годишни програми за работа преку ревидирање на Методологијата за стратешко планирање и подготовка на Годишна програма за работа на Владата***
  - Оваа активност се спроведе во рамките на проектот „Модернизација и трансформација на јавната администрација“.
  - Тим со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, генералниот секретаријат, и Центарот за управување на промени како имплементатор на проектот, работеше на измени и дополнувања на Методологијата. како и на Упатството за начинот, содржината и формата на подготовката на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа (со обрасци) и Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план (со обрасци).
  - Методолгијата и упатствата се донесени од Владата на 27.03.2018 г.

- ***Подготовка на Стратегија за отворени податоци***
  - Оваа активност се спроведува во рамките на проектот „Модернизација и трансформација на јавната администрација“. Стратегијата за отворени податоци е дел од проектната компонента *Отворена влада,* која предвидува модернизација на постоечкиот портал за Отворени податоци, на нова платформа, подготовка на Национална стратегија за отворени податоци и каталогизација на отворените податочни сетови во 4 министерства (Министерство за финансии, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование и наука).
  - Во рамките на реализација на проектот, посетени се 6 министерства во кои е спроведено попишување и мапирање на дата базите, како почетна фаза на процесот на стандардизација на податоци.
  - На 25.12.2017г., се одржа работилница на Работната група (во која членуваат претставници на државни институции, претставници на граѓанскиот и приватниот сектор како и од академската заедница) за изработка на Национална стратегија за отворени податоци. Целта на работилницата беше подобрување на транспарентноста и отчетноста на државните институции преку подобрување на политиките за отворени податоци и притоа беа дефинирани визијата, мисијата, целите и структурата на Стратегијата.
  - На 01.02.2018г. се одржа втора работилница за подготовка на стратегијата на која се разгледа прв нацрт на Стратегијата.Нацртот беше ревидиран согласно добиените коментари од работната група и експертот.

- ***Анализа на процесот на проценка на влијанието на регулативата во министерствата***
  - Владата на седница одржана на 4.07.2017 год. ги задолжи сите министерства да ги почитуваат процедурите за Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и објавувањето на ЕНЕР. Согласно Деловникот за работа на Владата и системот на е-влада, на седниците на работните тела и на Владата се разгледуваат материјали кои ги содржат потребните мислења согласно член 68 од Деловникот, вклучително и мислењето на Министерството за информатичко општество и администрација за предлозите на закони кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата (ПВР).
  - Беше подготвен Нацрт-Прашалникот за подобрување на квалитетот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) и исконсултиран со координаторите за ПВР во министерствата и нивните заменици на работна средба одржана на 20.12.2017 г.
  - Електронскиот прашалникот беше доставен до сите министерства. Прашалниците се обработени, а за дополнување на анализата се спроведоа 4 фокус дискусии (08-09.02.2018).
  - Анализата на процесот на проценка на влијанието на регулативата е подготвена.
  - Дополнително, се спроведоа две обуки: за кабинетските службеници од министерствата, и за ПВР координатори и заменици.
- ***Усвојување на Закон за Централен електронски регистар на население и Закон за електронски услуги***

  На 27.10.2017 е формирана меѓуресорна работна група. Подготвени се работни верзии на текстови на Законите и во моментов се разгледуваат во рамки на работната група и релевантни институции. Заради комплексноста на законите и поширока консултација потребно е дополнително време за реализација на оваа мерка.

- ***Усвојување на Законот за инспекциски надзор и Законот за управната инспекција***

  На 27.10. 2017 е формирана меѓуресорна работна група.Подготвени се работни верзии на текстови на Законите и во моментов се разгледуваат во рамки на работната група. Заради комплексноста на законите и поширока консултација потребно е дополнително време за реализација на оваа мерка.

- ***Усвојување на Програмата за реформи на управување со јавните финансии 2018г.-2021.***
  - Новиот нацрт текст на Програмата за управување со јавните финансии 2018-2021 беше финализиран и доставен до Делегацијата на ЕУ на 19 јули 2017 г. Јавниот дијалог со заинтересираните страни (граѓанскиот сектор, академија, здруженија) се реализира на 19.09.2017 г. По одржаната консултација и по добиените коментари, следеше ревидирање на текстот на програмата.
  - На 19.12.2017г. Владата ја усвои Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2018-2021 година. Пред да биде усвоена, Програмата беше достапна за увид и коментари на јавноста од 1 септември 2017 година (http://www.finance.gov.mk/mk/node/6626).
  - Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии е подготвена со цел да се подобри ефикасноста и ефективноста на јавната потрошувачка, фискалната дисциплина, одржливоста на долгот и ефикасното, транспарентното и модерното управување со јавните финансии. Истата е објавена на веб страна на Министерство за финансии и е достапна на следниот линк http://finance.gov.mk/files/u3/PFM%20Reform%20%20Programme__MK%20DEC%202017_final%20VLADA.pdf.
  - На 12.02.2018 е формиран Совет за управување со јавни финансии, предводен од

министерот за финансии а членови се заменик претседателот на Влада задолжен за европски прашања, заменик претседателот на Влада задолжен за економски прашања, министерот за економија, министерот за информатичко општество и администрација, директорот на царинска управа, директорот на управа за јавни приходи, директорот на биро за јавни набавки, директорот на државен завод за статистика, претседателот на државна комисија за жалби по јавни набавкии и државниот ревизор.

- На 19.02.2018г. е одржана првата седница на која се усвои листата на назначени координатори на приоритети и лидери на мерки од Програмата за реформа на управување со јавни финансии, и се разгледа и одобри нацрт Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година.
- На 20.02.2018 година, на владина седница беше усвоена Информација за првата седница на Советот за управување со јавни финансии, одржана на 19.02.2018 година со Предлог Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година.

- ***Објавување на Граѓански буџет за Буџетот за 2018г. година***
  - На 16.11.2017г. Граѓанскиот буџет беше објавен на веб страната на Министерството за финансии, доставен до претставниците на медиумите-новинарите и споделен на социјалните мрежи на профилите на Министерството за финансии и Македонска информативна агенција. Копии беа испратени и до пратениците во Собранието-членовите на Комисијата за финансирање и буџет, како и до Претседателот и Заменик-претседателот на Собранието. Истиот е достапен на: http://www.finance.gov.mk/mk/node/6808 за пошироката јавност.

- ***Започнување на јавни консултации за реформа во системот на јавни набавки и прифаќање на сугестиите на СИГМА во поглед на системот за јавни набавки и Советот***
  - На 03.11.2017г. беше организирана дебата на тема „Реформа во системот на јавни набавки“ на која присуствуваа претставници граѓански сектор, Делегацијата на ЕУ и СИГМА, на која се разговараше за реформите кои ќе се спроведат во системот на јавни набавки, а беше најавен и нов закон како и поедноставување на постапките преку укинување на Советот за јавни набавки.
  - На 03.11.2017г. Владата го усвои Предлог - законот за изменување на законот за јавните набавки кој беше донесен од Собранието на 09.11.2017г., по скратена постапка со што се укина Советот за јавни набавки,
  - Процедурата на ЕНЕР за новиот закон за јавни набавки кој ги адресира забелешките на СИГМА, експертската јавност, буџетските корисници и другите засегнати страни беше отпочната на 31.01.2018 година. Предлог законот беше ставен на увид на јавноста преку ЕНЕР на 06.02.2018 година. Исто така, јавна презентација на промените на законот беше одржана на 13.02.2018 година во Скопје, пред бизнис-заедницата (линк: http://www.finance.gov.mk/mk/node/7051), на 22.02.2018 година во Струга (линк: https://www.finance.gov.mk/mk/node/7064), како и на 02.03.2018 година во Штип (линк: https://www.finance.gov.mk/mk/node/7093). , вклучително и консултации со ЕК.
- ***Изготвување на Документ за политики за реформи во јавната внатрешна финансиска контрола***

  - За овој стратешки документ, беше формирана работна група во соработка со СИГМА. Работната група, по голем број на работни состаноци и интензивен ангажман успеа да ја заокружи со изготвениот Документ за политики за реформи во јавната внатрешна

финансиска контрола-„Политика во јавната внатрешна финансиска контрола во периодот од 2018-2020 г.“

- На 13.02.2018, експерти на СИГМА одржаа презентација пред членовите на Владата во однос на важноста на внатрешната финансиска контрола и отчетноста. Во презентацијата посебен фокус беше посветен на мониторингот за отчетноста во владините институции, со констатација дека во втората половина на 2017 година е направен исчекор во управувањето со институциите и внатрешната контрола, при што беа искажани оцени за усогласувањето на политиките и стратегиите со финансиите. Извештајот за мониторингот на СИГМА објаснува дека исчекорот напред во втората половина на 2017 година се должи на подготовката на двата стратешки документи ,, Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии 2018-2021 година” и ,,Стратегијата за реформа на јавната администрација 2017-2022 година”.
- На 30.03.2018, финалната верзија на стратешкиот Документ за политики за реформи во јавната внатрешна финансиска контрола е доставена до ЕК на мислење. По добиените коментари од страна на ЕК, Документот треба да влезе во владина постапка.

- ***Изготвување на работна верзија на предлог измените на Законот за буџети***
  - Заклучно со крајот на 2017 година е изготвена работна верзија на предлог измените на Законот за буџети. Со новиот Закон за буџетите ќе се зајакне среднорочното буџетирање и ќе се воспостави реформа на буџетскиот процес со поместување на временската рамка во првата половина од годината, ќе се воведат фискалните правила, а со цел да се постигне: поголема транспарентност и следење на користењето на буџетските средства, по реални среднорочни проекции, појасни процедури и одговорности во целокупниот процес и предвидливост на буџетот.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9**
**од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 6. Борба против организираниот криминал и корупција

Владата цени дека борбата против организираниот криминал и корупција ќе биде ефикасна доколку истрагите се иницираат и водат на законит начин, според принципите на објективност и непристрасност. Оттука **клучен приоритет е зајакнување и унапредување на механизмите за борба против организиран криминал и корупција**, и нивно ослободување од политички влијанија и притисоци. Во овој процес, целосно ќе бидат земени предвид препораките на домашните и странските експерти, како и граѓанското општество.

- ***Владата ја повикува Државната комисија за спречување на корупција да подготви детален аналитички Извештај за сите покренати постапки и истраги за корупција, за последните 5 години, врз основа на форматот на ЕК***
  - Доставениот извештај на Државната комисија за спречување на корупција, ќе биде земен предвид при дефинирање на натамошните мерки за нејзино зајакнување.
  - Од 7 членови на ДКСК, 5 поднесоа оставки како резултат на јавната информација за неправилно користење на буџетски средства.

- ***Воспоставување на минимум стандарди за физичка, административна, информатичка и техничка заштита во Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал (ОСОСК)***
  - Во МВР постојат минимум стандарди за физичка, административна, информатичка и техничка заштита, при што седиштето на МВР претставува посебна безбедносна зона со посебни мерки на физичка, административна, информатичка и техничка заштита како што се физичкото обезбедување, заштитни препреки и огради, видео безбедносен мониторинг и сл. Исто така воспоставени се контролни точки за пристап односно влез во објектите во кругот на МВР. Во однос на административната безбедност за корисници на класифицирани информации се води посебна евиденција за издадени безбедносни сертификати.
  - И покрај тоа што веќе се воспоставени минимум стандардите, превземени се дополнителни мерки, активности и иницијативи со цел подигнување на нивото на стандардите преку кои ОСОСК би добил третман на посебна безбедносна зона. Преку целосното реализирање на активноста би се подобрила физичката, техничката и административна безбедност на објектот во кој е сместен ОСОСК во кругот на МВР, како и на други организациски единици како што е Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, кој е сместен во истиот објект. Целосната имплементација на активноста ќе значи дополнително зголемување на безбедноста и интегритетот на информациите кои се собираат, обработуваат, изготвуваат, анализираат и споделуваат со надлежните органи и институции, како еден од предусловите за зајакнување на довербата кај меѓународните партнерски инстиции со цел успешна меѓународна соработка во борба против организираниот криминал.
  - Освен тоа, во Планот е направена е техничка спецификација на два сегменти, 1.технички средства во делот на мониторинг системот и физички пристап во објектот и 2. градежни работи кои ќе обезбедат повисок степен на интегритет).
  - Изготвена е финансиска спецификација и констатирано е дека, дел од средствата се обезбедени во буџетот на МВР.
  - На 11 април 2018 г. се одржа донаторска средба со претставници од амбасадите, на која бе а презентирани Планот за кадровско зајакнување на ОСОСК и потребите и за материјал но-техничко опремување.

- ***Подготовка на план за кадровско зајакнување на Одделот за сузбивање организиран и сериозен криминал***
  - Планот за кадровско зајакнување на Одделот за организиран и сериозен криминал е изготвен. При изготвување на планот во предвид се земени препораките од извештаите на оценските мисии и екпертските групи кои во изминатиот период вршеа евалуација на Поглавјето 24-Правда, слобода и безбедност , а особено препораките на оценската мисија на ЕУ, како и препораките содржани во Извештаите на високите експерти во областа на владеењто на правото.
  - Планот претставува комплексен документ кој предвидува и дава насока за понатамошно институционално интегрирано јакнење на ОСОСК, за подигнување на нивото за минимум стандарди за физичка, административна, информатичка и техничка заштита во ОСОСК. Со планот се дефинирани три платформи преку кои ќе биде потребно да бидат изготвени и имплементирани посебни стратешки документи и методологии како што се:

  - *Редефинирање на организациска поставеност и надлежност*
    Се дава кратка компаративна анализа на законските надлежности на ОСОСК со други организациски единици во МВР, БЈБ, за надлежноста, сложеноста на работните задачи, бројот на вработени, како и тоа дека во ОСОСК се концетрирани ресурси кои ги користат и други организиациски единици во БЈБ, Јавните обвинителства и други институции. Ќе биде изработена конкретна номенклатура (листа) на кривични дела за кои законски е надлежен ОСОСК.

  - *Методологија за приоритизација на предмети и водење на криминалистички истраги*
    Се утврдува потреба од ревидирање на постоечката методологија за водење на криминалистички истраги, имајќи во предвид дека е потребно да се намали просторот за субјективност во одлучувањето во насока на усогласување со стандардите на ЕУ за воспоставување на концептот за криминалистичко разузнавачка операција и криминалистичко истражување, како дел од преткривичната постапка со што појасно ќе биде имплементиран концептот на основи на сомневања и собирањето на информации како полициско овластување во преткривичната постапка. Методологијата треба да овозможи и терминолошко услогласување со стандардите на земјите членки на ЕУ.

  - *Систем мерки за интегритет на вработените и антикорупциски мерки, рамка за управување со човечки ресурси. Утврдени критериуми за регрутирање на раководен и основен кадар.*
    Имајќи ја во предвид потребата од подигнување на нивото на критериуми за регрутирање на човечки ресурси во ОСОСК, како и воспоставување на систем мерки за интегритет на вработените и антикорупциски мерки ќе биде спроведна проценка за ризик од појава на корупција на работните места во ОСОСК.

- ***Материјално-техничко надградување на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал***
  - Правните акти неопходни за функционирање на овој центар беа изработени, се обезбедија соодветни простории во МВР.
  - Во ноември 2017 година извршено е сетирање на компјутерите и нивно поврзување преку VPN конекција со серверите на Царинската управа, Управата за јавни приходи со пристап до нивните бази на податоци. Истовремено е спроведено сетирање на компјутерите на Управата за финансиска полиција со пристап до мејл серверот на матичната институција.

- Надлежните институции номинираа свои претставници во Националниот координативен центар за борба против организиран криминал.
- Во февруари 2018 г. се одржа работилница за меѓуинституционална соработка за претставниците во Националниот координативен центар за борба против организиран криминал, додека во март 2018 г се одржа основна обука за криминалистичко разузнавање.

- ***Усвојување на Стратегијата за зајакнување на финансиските истраги и конфискација на имот со Акциски План***
  - На 20 септември 2017 година, беше формирана работна група од страна на Министерот за внатрешни работи во која учествуваа претставници од Министерството за внатрешни работи, Царинска управа, Управа за финансиско разузнавање, Финансиска полиција, Јавно обвинителство, Управа за јавни приходи, Министерство за правда, Агенција за управување со конфискуван имот, Основен суд Скопје 1-Скопје, Централен регистар, Агенција за катастар на недвижности на РМ и Централен депозитар за хартии од вредност.
  - Стратегијата со акцискиот план е усвоена од Влада на .27.02.2018. Стратегијата содржи сеопфатен систем на правни, институционални мерки кои се неопходни за јакнење на севкупните национални капацитети за водење на финансиски истраги и конфискација на имот.

- ***Потпишување на меморандум за размена на информации за потребите на истрагите помеѓу Министерство за внатрешни работи, Јавно обвинителство и Основен Суд***
  - Меморандумот помеѓу Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии (Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање, Царинска управа), Државната комисија за спречување на корупција и Агенцијата за управување со одземен имот, Министерство за правда и Јавно обвинителство е потпишан на 10.11.2017 година.
  - Истиот предвидува обврска за подобрена соработка преку размена на податоци преку платформа за интероперабилност, воспоставување работни процедури за соработка, меѓусебно помагање во борбата против организираниот криминал, олеснување на размената на технички и оперативни информации, спроведување на заеднички истраги, заеднички обуки.

- ***Имплементација на препораките на ГРЕКО од IV круг на евалуација кои до сега не се имплементирани, а се однесуваат на превенција на корупцијата кај пратениците, судиите и јавните обвинители***
  - На 09.01.2018 Владата ја усвои Информацијата за реализација на препораките на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа дадени со Извештајот за евалуација на Република Македонија – Четврт круг, на тема: "Превенција на корупцијата кај членовите на Собранието, судиите и обвинителите и членовите на нивните семејства"-).
  - На 31.01.2018 доставена е Информација до ГРЕКО за статусот на реализација на препораките од 4-тиот круг (Втор ситуациски извештај - врз основ на кој ГРЕКО треба да усвои Втор извештај за усогласеност - со кој се затвара евалуациониот круг за државата ).
  - Согласно Првиот Извештај - 4-ти круг, усвоен јули 2016 г, од вкупно 19 препораки ( 4 се однесуваат на Собрание, 9 на судство, 3 на јавно обвинителство и 3 на сите категории), :- целосно имплементирани се 3 препораки ( во делот судството- 2 препораки, од делот сите категории - 1 препорака),-делумно имплементирани се 10 препораки,

неимплементирани се 6 препораки.

- Препораките кои се однесуваат на Собрание ќе се имплементираат со усвојувањето на Етичкиот кодекс на Собранието, кој е веќе во работна верзија.
- Препораките кои се однесуваат на судството ќе бидат имплементирани со усвојување на пакетот на судски закони з
- Препораките кои се однесуваат на обвинителство, ќе се реализираат со усвојување на Закон за јавно обвинителство а другите и со имплементација на Етичкиот кодекс на јавните обвионители, Финална состојба на степенот на реализацијата на препораките ќе се направи во Јуни 2018 година затоа што на пленарната седница на ГРЕКО која ќе се одржи на крај на јуни ќе се усвои Втор Извештај за усогласеност на РМ - Четврт круг, со кој ќе се констатира финалната состојба и ќе се затвори овој евалуациски круг за земјата.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# МЕДИУМИ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 7. Медиуми

Медиумите и новинарите како столбови на едно демократско општество имаат силна поддршка од Владата која што е цврсто определена кон **почитување на слободата на изразување**, професионално и објективно работење на медиумите и новинарите, без никакво политичко влијание, притисоци или насилство од каков било вид. Владата е посветена кон создавање услови за **целосна независност и професионализација на јавниот радиодифузен сервис (МРТ)**, и целосна независност и ослободување од какви било влијанија врз регулаторот Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Владата гради партнерство со медиумските здруженија и граѓанскиот сектор, со цел да обезбеди услови за објективно и непристрасно работење на сите други медиуми, бидејќи интерес на сите граѓани е да бидат точно и навремено известени. Владата започна **широк консултативен процес со медиумската заедница и граѓанските организации** за можни измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Законот за медиуми, како и за можни мерки за олеснување на работата на печатените медиуми.

- ***Усвојување изјава за изразување на силна политичка волја и поддршка од Владата и институциите за континуирана примена на Етичкиот кодекс за медиумско известување.***
  - Владата на седницата одржана на 05.09.2017 г. донесе Заклучок со кој ја усвои следната Изјава: Владата на Република Македонија и нејзините институции изразуваат силна политичка волја и поддршка за континуирана примена на етичкиот кодекс за медиумско известување и силно ја охрабруваат примената и почитувањето на системот за медиумска саморегулација.

- ***Одржување неделен брифинг на Владата со медиумите.***
  - На 17.08.2017г. во Владата се одржа првиот брифинг пред новинари и уредници, на кој се презентираа идеите за работата на Секторот за комуникации, кој ќе функционира како сервис за граѓаните и медиумите. Дневниот ред на седниците на Владата, заклучоците и соопштенијата јавно и транспарентно се објавуваат на веб страната. После секоја седница на Влада се одржуваат брифинзи со цел веднаш да се информира јавноста за работата на Владата. Овие брифинзи прераснаа во јавни прес конференции кои се пренесуваат во живо, на коишто новинарите имаат можност да поставуваат прашања поврзани со одлуките на Владата, но и за сите дополнителни информации надвор од темата.

- ***Подготвување преглед на сите досегашни случаи на физички и вербални напади и притисоци, говор на омраза и сл. врз новинарите***
  - Врз основа на Извештајот подготвен од Министерство за внатрешни работи за периодот од 2013г. до јуни 2017г. за регистрирани случаи на физички и вербални напади и притисоци врз новинари, поднесени се вкупно 44 пријави од граѓани или медиуми за физички напад врз новинари, загрозување на сигурноста во вид на закани од секаков вид или говор на омраза. Најголемиот дел од пријавите се на подрачјето на Скопје – 28, потоа Охрид – 14 и две поплаки на подрачјето Струмица.

- ***Донесување Одлука на Владата за стопирање со владини реклами на комерцијалните радиодифузери (со исклучок на социјални медиуми) и пренесување на комуникацијата со граѓаните преку јавниот радиодифузен сервис.***
  - Владата на седница одржана на 22.08.2017 год. донесе заклучок според кој се

задолжуваат сите органи на државната управа, им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да престанат да емитуваат, односно рекламираат кампањи/спотови на платен простор во електронски комерцијални радиодифузери – телевизии и радија, дневни и неделни весници, билборди, интернет портали, со исклучок на социјалните медиуми.

- ***Објавување на сите трошоци за рекламирање на Владата и објаснување на критериумите за избор на медиумите за периодот 2008-2017, во форматот доставен од Европска комисија.***
  - На 24.09.2017 година, портпаролот на Владата одржа прес конференција каде се објавија трошоците за рекламирање на Владата за периодот 2008-2015 година. Во однос на распределбата на парите, како што беше појаснето на прес конференцијата, нејасни се критериумите како се префрлани парите за закуп на простор за реклами кај комерцијалните национални концесионери, иако табеларниот приказ презентиран на конференцијата за медиумите, укажува на тоа дека рејтингот не играл никаква улога и дека критериуми едноставно не постоеле. Дополнително, на прес-конференцијата на 16.09.2017 година во склоп на анализата на трошоците за привлекување на странски директни инвестиции во последните 10 години, беа презентирани и трошоците кои биле исплатени на македонски медиуми.

- ***Одржување јавна консултација со медиуми, медиумски здруженија и граѓански организации***
  - Првата јавна дискусија на тема медиумски реформи се одржа на 14 јули 2017, на која учествуваа министерот за информатичко општество и администрација и министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност. Министрите остварија и неколку поединечни средби со претставници од медиуми и медиумски здруженија, како и со претставници од меѓународната заедница.

- ***Отворање дијалог со медиумската заедница и граѓанските организации за можни измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,***
  - На 19.12.2017г. се одржа дебата за потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во организација на Министерството за правда заедно со Министерството за информатичко општество и администрација и Министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.
  - Учесниците даваа предлози, сугестии и забелешки во однос на практичната примена на актуелното законско решение но и можни решенија за надминување на констатираната состојба. Генерално, сите коментари и предлози беа во насока на обезбедување поголема активна транспарентност особено преку подобрување во примената на чл. 10 од Законот кој ја пропишува должноста која ја има имателот на информацијата за известување на јавноста.
  - Беше посочена и потребата од зголемување на капацитетот и буџетот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер како и зголемување на нејзините ингеренции со можност за изрекување на прекршочни санкции и воведување одговорност за администрацијата за непочитување на законските одредби што директно би се рефлектирало и на ефектот врз имплементацијата на тие одредби.
  - Пристигнати беа неколку предлози и во пишана форма до Министерство за правда. На 14.02.2018 на ЕНЕР е објавено Известување за почеток на процесот за подготовка на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Формирана е работна група од експерти и претставници на сите засегнати страни и изготвен е нацрт план на првичната верзија на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- ***Отворање јавна дискусија за можни измени на Законот за медиуми,***
  - На 21.12.2017г. се одржа дебата на тема „Утврдување на потребата за можни измени во Законот за медиуми" со претставници на поголем дел од медиумите, новинарските и медиумските здруженија, како и поединци од медиумската сфера, која ја органзираа Министерството за информатичко општество и администрација и Министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.
  - Согласно Заклучокот од дебатата требаше да бидат доставени аргументи за и против измени во законот, во писмена форма, најдоцна до 30.01.2018г. по што би следел уште еден циклус јавни дебати од кои ќе произлезат соодветните одлуки. Процесот на консултации продолжува со сите заинтересирани страни.

- ***Отворање јавна дискусија за можни мерки за олеснување на работата на печатените медиуми***
  - Јавна дебата за тоа дали има потреба и кој е најдобриот модел за поддршка на печатените медиуми, како дел од заложбите за плурализам во медиумскиот избор за граѓаните се одржа на18.12.2017г. во организација на Министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност и претседателот на новоформираното Здружение за заштита на печатените медиуми.
  - Беа отворени прашања дали Владата треба да ги субвенционира и весниците кои се бесплатни и весниците кои се занимаваат со стручна и специфична тематика, дали воопшто треба да се даде помош на печатените медиуми, со оглед на тоа што светски тренд е подемот на дигиталните медиуми и изумирање на печатените медиуми. Дел од првичните предлози за поддршка се однесуваат на субвенционирање на педесет проценти од трошоците за печатење и дистрибуција за дневните, неделните и месечните печатени медиуми со информативен карактер, како и помош од 20 проценти за медиумите на помалите етнички заедници. Консултативниот процес продолжува, се разгледуваат сите доставени предлози од медиумските здруженија, се анализираат и искуствата на земјите од ЕУ, со цел да се изнајде најдобриот модалитет за поддршка на печатените медиуми.

- ***Усвојување на Законот за измена и дополнување на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги***
  - На седница на Собранието одржана на 19.09.2017, со цел да се укине обврската на граѓаните и фирмите да плаќаат радиодифузна такса, по скратена постапка се донесоа измените во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги . МРТ ќе биде финансиски поддржана од државниот буџет со годишно издвојување од 07% од буџетот за 2018, 0,8% за 2019, 0,9% за 2020 и почнувајќи од 2021 ќе изнесува 1% од буџетот на РМ.
  - Во насока на посеопфатни реформи во медиумската сфера, по одржаната јавна консултација, беше испратен повик до сите засегнати страни за доставување предлог измени на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги. Врз основа на добиените коментари и предлози, МИОА во координација со министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, подготви предлог текст на Закон за измени и дополнувања на Законот за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, кој беше доставен до сите засегнати страни и поставен на веб страната на МИОА. Рокот за доставување коментари од засегнатите страни на предлог текстот на Законот беше до

11.09.2017.

- На 20.11.2017г. беше одржана јавна дискусија за измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудио визуелни медиумски услуги со претставници од медиумите, медиумските здруженија и граѓански организации.
- Нацрт-Законот беше објавен на ЕНЕР до 30.11.2017г. и дел од добиените коментари се интегрирани во истиот.
- На 26.12. 2017г. Министерството за информатичко општество и администрација ја објави последната верзија на Нацрт - законот за именување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подготвена во соработка сопретставници на медиумската сфера, пред истиот да влезе во владина процедура. Предлог законот е доставен до ЕК и ОБСЕ на мислење.
- Меѓу поважните измени се:
  - Членовите на Советот на Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе бидат професионално ангажирани во Агенцијата и ќе добиваат месечен надоместок во висина од најмногу четири просечни месечни плати исплатени во Македонија.
  - Членовите ќе имаат петгодишен мандат, со право за избор во уште еден мандат.
  - Конкретно се дефинирани начините со кои Советот ќе може да покренува прекршочна постапка против медиуми или оператори на јавни електронски комуникациски мрежи.
  - Забрана за емитување програми кои, освен загрозување на националната безбедност или поттикнување на насилно уривање на уставниот поредок или на оружен конфликт, содржат дискриминација или шират нетрпеливост и омраза по која било основа.
  - Програмата на радијата и телевизиите во текот на еден ден ќе мора да вклучува 30 отсто програма изворно создадена како македонско дело, а за Македонската радио телевизија тој процент ќе изнесува 40 отсто.
  - Од државните пари, 74,5% ќе одат за Македонската радио телевизија, 19,5% за Македонска радиодифузија, а 6% за агенцијата.
  - Дополнителен извор на средства за финансирање на Македонската радио телевизија се донации, продажба на програма и услуги, како и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот.
  - Со предлог-законот се укинува можноста за реклами од државните тела по пат на нетранспарентнни постапки и постапки со исклучоци и се оневозможува појавата Владата да биде доминантен огласувач во медиумите.
  - Се воведува четврт канал за јазиците на заедниците кои се застапени под 20%
  - Радиото ќе мора да има два канала на македонски јазик и еден на албански јазик и на јазиците на останатите етнички заедници.
  - Членовите на Програмскиот совет на Македонската радио телевизија ќе ги именува и разрешува Собранието.
- На 08.02.2018г. добиени се коментари од ЕК.
- На 20.02.2018г ,Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше усвоен од страна на Владата. Законот е во собраниска процедура и се одржа јавна дебата во Собрание на 27.03.2018г. Законот е во завршна фаза во Собрание и се очекува да се усвои.

- ***Усвојување на Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на ЈП***

***македонска радиодифузија***

- На 22.11.2017г. на ЕНЕР се објави известување за почеток на процесот за подготовка на Закон за измени и дополнување на Законот за основање на ЈП македонска радиодифузија, а на 7.12.2017г. на ЕНЕР се постави и текстот на Нацрт – Законот основање на ЈП македонска радиодифузија.
- На 20.02.2018, Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија е усвоен од страна на Владата, со основна цел за усогласување со измените и дополнувањата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Законот е во Законот е во завршна фаза во Собрание и се очекува да се усвои.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден ДОМ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 8. Граѓанско општество

Владата смета дека граѓанското општество е **рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки**, со целосно право да партиципира во градењето на политиките, да сугерира и критикува. Владата активно презема мерки за градење на континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанското општество. Владата ќе воспостави функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, по спроведени сеопфатни консултации со граѓанските организации и транспарентна постапка за избор на членовите на Советот. Користејќи ги како основа анализите и стратешките документи на граѓанските организации и со нивно директно и суштинско учество, во март 2018г. година, Владата ќе усвои нова Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2018-2020г. Заради обезбедување овозможувачка средина за развој на граѓанското општество, Владата ќе ја информира јавноста за текот на спроведените истраги насочени кон граѓанските организации.

- ***Зголемување на минималниот број денови за консултации на ЕНЕР (Единствен национален електронски регистар на прописи) од 10 на 20 дена, со измена на Деловникот за работа на Владата.***
  - На седницата на Владата одржана на 15.08.2017 г. се усвои Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата, со што се зголеми минималниот број денови за консултации на ЕНЕР од 10 на 20 дена.

- ***Воспоставување електронска база на податоци на доделените средства за граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Македонија за периодот 2012 – 2016 година, во која ќе бидат внесени сите донесени одлуки.***
  - Во јули 2017 год. на веб страната на Одделението за соработка со НВО на Генералниот секретаријат www.nvosorabotka.gov.mk, во делот Финансиска поддршка, објавен е детален табеларен преглед на доделени средства за поддршка на граѓански организации од страна на Владата, по години, за периодот 2012-2016 год. Базата на податоци нуди можност за пребарување по име на здружение, проект и година на доделени средства и редовно се ажурира.

- ***Донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, по спроведени сеопфатни консултации со граѓанските организациии и спроведување транспарентна постапка за избор на членовите на Советот***
  - Се организираа две јавни расправи со учество на 132 претставници на граѓанскиот сектор и се одржаа три работни средби со претставници на мрежи и организации кои доставија писмени предлози за изменување на Одлуката.Одлуката е донесена на седница на Владата одржана на 7.11.2017г.,
  - На 21.12.2017г. во дневните весници Нова Македонија и Коха и на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Јавен повик за избор на 16 членови на Советот од редот на здруженијата и фондациите. Рокот за пријавување на кандидатите беше до 10.1.2018г. На 17.1.2018г. во присуство на 2 претставници од граѓански организации се изврши отворање и административна проверка на пријавите за 52 кандидати. На 22.1.2018г. на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Извештај за пријавени организации со кандидати и Јавен повик за гласање за избор на 16 членови на Советот од редот на организациите. Рокот за гласање е до 6.2.2018г.
  - На 9.2.2018, во присуство на поканети ГО се изврши броење на добиените гласови, подготвена е Листа на кандидати според бројот на добиени гласови за членови на

Советот од редот на здруженијата и фондациите, што е објавена на www.nvosorabotka.gov.mk на 12.2.2018. Поради два прворангирани кандидати во областите Демократија и владеење на правото и Култура, гласањето во овие 2 области се повторува и заврши на 26.2.2018.
- На седницата одржана на 3.4.2018 г. Владата донесе решение за назначување на членовите на Советот.
- На 16.4.2018 се одржа Конститутивната седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Во работниот дел се отвори дискусија за Предлог-деловникот за работа на Советот и се формираше работна група што ќе го финализира текстот, со цел негово усвојување на наредната седница во почетокот на мај.

- ***Започнување широк консултативен процес за нова Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2018г.-2020) со директно и суштинско учество на граѓанските организации.***
    - Подготвен е Извештај за преземените мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017). Согласно консултациите со надлежните институции, дел од мерките и активностите ќе продолжат континуирано да се спроведуваат и во периодот 2018-2020, за дел од нереализираните мерки содржана е оценка за нивната актуелност или потреба од дополнителна анализа. Извештајот е разгледан од Владата на 19.9.2017 год. и е објавен на www.nvosorabotka.gov.mk во делот Спроведување на Стратегијата.
    - На 16.11.2017г. на веб страната www.nvosorabotka.gov.mk објавен е повик до граѓанските организации активно да се вклучат со свои предлози за мерки и активности што сметаат дека треба да претставуваат дел од политиките на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во периодот 2018-2020. Крајниот рок за доставување на предлози беше крајот на декември 2017г. Доставени се иницијативи од три граѓански организации.
    - Во текот на подготовката на Стратегијата ќе се организираат јавни расправи. Консултативна средба со граѓански организации е планирана за првата половина на февруари 2018г.

- ***Усвојување од страна на Владата на Анализа на спроведувањето консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики на Владата и органите на државната управа, со препораки***,
    - На 26.10.2017г. до сите министерства дистрибуиран е Прашалник за спроведување консултации и учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики. Одговорите на Прашалникот претставуваат основа во подготовката на Анализа.
    - Анализата се усвои од Владата на 04.01.2018г. година.
    - Според наодите од анализата, во 2016 и 2017 г. министерствата спроведувале консултации и ги вклучувале граѓанските организации во сите фази на процесот на креирање политки, а во однос на методите на консултации, најголем број од министерствата ги користат анализите и другите документи подготвени и објавени од граѓанските организации, вклучуваат претставници на граѓанските организации во работни групи, вршат консултации преку ЕНЕР или одржуваат консултативни средби и јавни расправи.
    - Анализата е објавена на www.nvosorabotka.gov.mk, а препораките се доставени до органите на државната управа. Согласно анализата, унапредена е примената на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики преку повеќе од двојно зголемување на бројот на иницијативи од граѓанскиот сектор за Програма за работа на Владата за 2018г. (18 иницијативи), по објавениот повик на 17.08.2017 г., во однос на повикот објавен во 2016 г. (7 иницијативи).

- ***Усвојување на нова Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, со Акциски план за спроведување за периодот 2018-2020.***
  - На 13.2.2018 Генералниот секретаријат на Влада-Одделение за соработка со ГО во рамките на твининг проектот од ИПА 2013 „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор" организираше работилница за ревизија на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор-консултација со засегнати страни, со учество на претставници од ГО и администрацијата.
  - На 21.2.2018 беше објавен повик за учество во работната група за изработка на новата Стратегија, на кој се пријавија 68 ГО. На 14 и 15.3.2018, се одржанаа состаноци на работната група од ГО и членови на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор, на кои беше разгледан Концептот на Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020, во делот на стратешките цели и беа предложени мерки.
  - Подготвен е работен текст на Предлог-Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и Предлог-Акциски план 2018-2020.
  - На 16.4.2018 во Скопје се одржа јавна расправа по Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектот, со Акциски план 2018-2020, а за 19.4.2018 планирана е јавна расправа во Битола. Текстот на Предлог-Стратегијата и Акцискиот план се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk со цел консултации со граѓанските организации по електронски пат, до 30.4.2018.
  -

- ***Информирање на јавноста за спроведените истраги за заплашување и притисоци врз граѓанските организации***
  - Министерот за внатрешни работи на 01.03.2018 одржа средба со претставници од дваесеттина НГО/ГО. Ги информираше дека по завршување на проверките во рамки на меѓуинституционалната криминалистичка обработка, од сите извршени проверки по барањата од Основно јавно обвинителство за ГОКК, доставени се известувања до Основно јавно обвинителство за ГОКК, во кои е наведено дека сомнежите се неосновани, а врз основа на прибавените информации е констатирано дека нема основи за понатамошна истрага . Врз основа на тоа , истражните органи до јавното обвинителство доставија предлог за затворање на истрагата.

- ***Усвојување на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход,***
  - Предлог-законот е усвоен од Владата на седницата одржана на 9.11.2017 година, а на 22.12.2017 година е донесен и од Собранието на Република Македонија (Сл.весник бр. 190/17 од 25.12.2017 година). Меѓу другото, со измените на член 6 се предвидува данок на доход да не се плаќа на примањата по основ на надоместоци на трошоци за сместување, храна и превоз за лица кои се учесници или ангажирани на настани организирани во рамки на активностите на организација основана согласно со Законот за здруженија и фондации, врз основа на документи за направените трошоци.

- ***Почнување на дијалог за изготвување на најпогоден модел за даночниот третман на граѓанските организации од аспект на данокот на добивка***,
  - Остварена е комуникација со граѓанските организации преку платформата КОНЕКТ http://konekt.org.mk/newsite/). Досега се предложени 2 модели, што резултираат во нов даночен третман (да останат обврзници, но да се дефинира начинот на утврдување на данокот на добивка) на организациите од овој аспект.

- ***Објавување и континуирано ажурирање на регистарот на граѓански организации согласно Закон за здруженија и фондации и респективните е - маил адреси на страната на Централен регистар на Република Македонија***
  - На веб страницата на Централниот регистар на следниот линк http://www.crm.com.mk/ds/default.aspx?MainId=1&CatID=90 објавена е Листа на граѓански организации со нивните евидентирани е - маил адреси, при што истата се ажурира најмалку еднаш во месецот.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# ИЗБОРИ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 9. Избори

Во делот на изборите, **Владата ги прифаќа препораките на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија** и отвори сеопфатна дебата за законската и институционалната рамка за изборниот систем на транспарентна и инклузивна основа.

- ***Усвојување Декларација од Владата со укажување дека, во врска со изборите, нема да се дозволи заплашување и притисок врз администрацијата, со охрабрување да се пријавуваат евентуалните случаи на притисок до надлежните органи при што ќе следи суспензија на раководните лица доколку се утврди злоупотреба.***
    - На седницата на Владата одржана на 05.09.2017 г. беше усвоена "Декларативна заложба за слободни и фер избори", со која што се потенцира важноста на слободни, непосредни и демократски избори како темелна вредност на Уставниот поредок на Република Македонија, како и почитувањето на неприкосновеното избирачко право и непреченото спроведување на изборниот процес без политички влијанија и притисок врз гласачите.

- ***Доекипирање на правното одделение во Државната изборна комисија (ДИК), со цел да може да дава навремено мислења по поднесените приговори.***
    - Работниот ангажман на лицата вработени во правното одделение, и секторите за избирачки список и ИТ во Државната изборна комисија е обезбеден до крајот на 2017та, како времени вработувања кои се очекува да бидат трансформирани во трајни вработувања во текот на 2018г. Актот за систематизација, актот за внатрешна организација и извештајот од функционалната анализа беа усвоени, а на 30.08.2017 год. добиена е согласност од Министерството за информатичко општество и администрација за актот за систематизација.

- ***Усвојување на упатство за забрана за користење на државни ресурси од страна на учесниците и кандидатите за време на изборниот период***.
    - На седницата на Владата одржана на 12.09.2017 година, беше усвоено "Упатство за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации за време на изборниот процес" со кое се утврдуваат насоките за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации, на функционерите кои раководат со државни органи како и на вработените во државните органи за време на спроведување на парламентарни, претседателски и локални избори од денот на нивното распишување па се до нивното завршување согласно закон. Согласно ова упатство, за време на изборниот процес не може да се започнува изградба на нови објекти во инфраструктура или објекти за општествени дејности со средства од буџетот, и не може да се одржуваат јавни настани по повод изградба или пуштање во употреба на вакви објекти. Потоа, не може да се исплаќаат плати, пензии и други надоместоци од буџетот, кои не се редовни месечни исплати, не може да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори. При тоа, Министерството за финансии, мора јавно (на интернет) да ги објави сите буџетски трошоци во изборниот период. Исто така, во државните органи не може да се започнува постапка за вработување на нови лица, или постапка за престан на работен однос. Понатаму, избраните функционери не може да користат информации добиени при вршење на функцијата во изборна кампања, ниту смеат да вршат притисок врз вработените да учествуваат во изборни активности, ниту да користат закани или заплашување на вработените по однос на нивното вработување, социјална сигурност. Додека, вработените во државните органи не може да учествуваат на изборни

активности во работно време, ниту да вршат партиски активности или да истакнуваат партиски симболи на работно место.

- ***Владата ќе донесе мерки со кои ќе ги спречи учесниците и кандидатите да користат државни ресурси за време на изборниот период (користење на службени возила, репрезентација, службен канцелариски простор и административни капацитети).***
  - На седницата на Владата одржана на 12.09.2017 година, беше усвоено “Упатство за забрана за користење на движни и недвижни ствари во државна сопственост за време на изборниот процес”, со што се утврдуваат насоките за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државна управа и управни организации, во врска со користењето на движните и недвижните ствари во државна сопственост за време на спроведување на парламентарни, претседателски и локални избори од денот на нивното распишување па се до нивното завршување согласно закон. Согласно ова упатство во државните органи (канцеларии, простории), како и во работните простории кои се наоѓаат во објекти на државните органи, не може да се одржуваат средби или да се вршат активности во врска со изборниот процес. Исто така, движните ствари кои ги користат државните органи не може да се користат за потребите на изборна кампања.

- ***Постепено усвојување на потребните подзаконски акти согласно препораките на ОБСЕ/ОДИХР и експертот на Венецијанската комисија***.
  - На 5.7.2017 г. е усвоен е нов Деловник за работата на Државната изборна комисија.
  - За воспоставување на нова организациска структура на Стручната служба на ДИК, усвоени се следните акти: Извештај од спроведена функционална анализа, извештај од спроведена анализа за потреба од подрачни одделенија и канцеларии, нов акт за внатрешна организација, нов акт за систематизација на работни места.
  - Во пресрет на Локалните избори 2017та, ДИК ги усвои следните подзаконски акти: нов Правилник за начинот и постапката за решавање на приговори (5.7.2017 и измени и дополнувања на 21.07.2017), упатство за начинот и постапката за поднесување, прием и потврдување на кандидатските листи за Локални избори (21.07.2017), упатство за утврдување на идентитетот на гласачот (21.07.2017), упатство за важечки и неважечки гласачки ливчиња (21.07.2017), програма за едукација на ОИК и ИО (16.08.2017), прирачници за едукација на ОИК и ИО и снимен е видео прирачник.

- ***Се препорачува седниците на ДИК да бидат отворени за јавноста, во насока на зголемување на транспарентноста во нивното работење.***
  - Согласно член 31 од Изборниот Законик и член 2 од Деловникот за работа на ДИК, седниците на Комисијата се јавни. На работните состаноци со претставниците на ДИК беше укажано на потребата да се обезбеди целосна јавност на работата на седниците на ДИК во согласност со Изборниот законик.

- ***Донесување Одлука за трајно решение за просторот во кој е сместен ДИК***.
  - Владата на Република Македонија, на 25-та седница, одржана на 29.08.2017 година, донесе Одлука со која на Државната изборна комисија, и се додели простор на трајно користење без надоместок, со што се надмина проблемот со кој што се соочуваше Комисијата.

- ***ДИК во соработка со МВР да продолжи со тековното ажурирање на Избирачкиот список***
  - Тековно се врши административно ажурирање на Избирачкиот список, како и проверка

на интегритетот на документите за лична идентификација кои што ги издава МВР.

- Започната е имплементација на Договорот за размена на податоци со УВМК во рамките на проектот за интероперабилност. Спроведено е успешно пробно тестирање на компјутерската размена на податоците.
- Избирачкиот список е постојано достапен на страната на ДИК со следните податоци: име, презиме и адреса на избирачи. Неговото ажурирање се врши во соработка со МВР и ДЗС, на квартално ниво, односно на 3 месеци, како што е пропишано со закон, после што се објавува ажурираниот Избирачки список. Исто така, пред избори, се објавува Избирачкиот список, кој е ажуриран, со цел проверка на податоците кои се во него. Промовирањето на постапките за граѓанска проверка и ажурирање на Избирачкиот список и поттикнување на граѓаните, граѓанските организации и политичките партии да вршат континуиран увид во Избирачкиот список во пракса функционира коректно. Пред секој циклус на избори, ДИК објавува јавен повик за проверка во Избирачкиот список. Доколку нема избори, списокот се ажурира, односно проверува тековно, 2 пати годишно, од страна на ДИК.
- ДИК спроведува континуирана проверка на интегритетот на базата на податоци на избирачкиот список преку проверка на извештаите за ново издадени биометриски лични карти и патни исправи, основот за издадените лични карти и патни исправи, како и преку вршење на увид во евиденциите на МВР, како и во базите на податоци и евиденции на други државни органи и институции.
- Избирачкиот список за Локалните избори 2017та беше достапен за јавен увид од 21.08.2017 г. и истиот траеше до 9.9.2017 г. Во Избирачкиот список за локалните избори беа запишани 1,814,644 гласачи.

- ***Локални избори 2017г.***
    - Врз основа на наодите и заклучоците на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР одржувањето на Локалните избори на 15 октомври 2017 година придонесе кон јакнењето на довербата во демократскиот процес. Изборите се одржаа во конкурентно опкружување, со кандидати што, генерално, можеа да водат кампања без ограничувања, а темелните слободи беа севкупно почитувани.
    - Медиумите кои беа предмет на мониторинг, обезбедија непристрасно покривање на кандидатите и ја потпомогнаа можноста за политичка дебата. И покрај организационите предизвици, изборната администрација обезбеди гласачите да можат да го остварат своето избирачко право. Денот на изборите главно се одвиваше уредно, иако беа воочени некои процедурални нерегуларности.
    - Тоа што граѓанските набљудувачи имаа пристап кон сите фази на процесот придонесе кон транспарентноста и понуди непартиска проценка на изборите. Над 3000 набљудувачи ги следеа случувањата на денот на изборите.

- ***Отворање на сеопфатна дебата со сите релевантни фактори за законската и институционалната рамка за изборниот систем врз основа на препораките на ОБСЕ/ОДИХР и експертот на Совет на Европа***
    - На 25.12.2017г. во организација на Министерството за правда се одржа дебата за „Законската и институционална рамка на изборниот систем“ со преставници од Министерство за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за надворешни работи, Кабинетот на Претседател на Владата, Секретаријат за европски прашања, Државниот завод за статистика, Државната изборна комисија, претставници од парламентарните политички партии, Граѓанска асоцијација МОСТ, ЦИВИЛ- Центар за слобода и ОБСЕ, Делегацијата на ЕУ, ИФЕС, и Амбасадата на Швајцарија во Македонија.

- На дебатата се разгледаа препораките и мислењата на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија од Предвремените парламентарни избори 2016 година и Локалните избори од 2017 година. Се отворија прашања за внатрешната поставеност на Државната изборна комисија, гласањето на дијаспората, ажурирањето на Избирачкиот список, личната документација на лицата во затворските установи, изборниот модел и значењето и можностите за постоење на отворени листи, системот на приговори.Краен рок за доставување на предлозите до Министерството за правда е 15.01 2018г. Заклучно со 24.01.2018г. не се добиени коментари.
- Тим на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР го презентираше конечнито извештај на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори во 2017г. пред релевантните фактори во земјата, кој исто така ќе биде земен во предвид во севкупната реформа на изборниот процес.

• ***Дефинирање и усвојување на Нацрт-план за реформи за изборниот систем. Имплементацијата на реформата започнува веднаш и треба да заврши најмалку шест месеци пред следните избори***
  - Се одржаа две средби помеѓу СДСМ и ВМРО ДПМНЕ во однос на реформа на изборниот систем. Договорено е дијалогот да се одвива на следните теми:1. Нов концепт за Државната изборна комисија,2. Изборен модел и имплементација на препораките на ОБСЕ/ОДИХР,3. Закон за финансирање на политичките партии. Одржани се средби и со:ДЕУ, Амбасада на САД, Амбасада на Швајцарија, ОБСЕ/ОДИХРи ИФЕС.
  - Следна фаза, врз основа на утврден Акциски план, е вклучување и на другите политички партии како и преточување на прашањата на кои е постигнат договор за конкретен предлог на законски решенија. Оваа фаза би била проследена и со јавна дебата и консултации со експерти и граѓански организации, пред законите да влезат во процедура.

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

**Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9**
**од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.**

# МИГРАЦИИ

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 10. Миграции

Владата смета дека **политиките на миграции и гранично управување се исклучително важни прашања** и нивните текови влијаат на насочување на социо-економскиот развој на државата, како и насочување и контрола на мерките кои се преземаат за заштита на безбедноста на државата и граѓаните. Во насока на усогласување на законодавството кое го регулира прашањето на права и обврски на странците, како и остварување на правото на азил, подготвени се нацрти на Законот за меѓународна и привремена заштита и Законот за странци. Исто така, преговарачкиот тим формиран од Владата ги води преговорите со Европската комисија за Статусниот договор со Европската служба за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС).

- ***Потпишување на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија-ФРОНТЕКС***
  - Владата на 18 јули 2017 ги одобри преговарачките позиции и определи преговарачки тим.
  - На 15.09.2017 и на 24.11.2017г. се одржаа две средби на преговарачките тимови. На 12 март 2018г. е реализирана видео конференциска врска меѓу преговарачките тимови. Договорено е следната рунда на преговори да се одржи во април 2018г.

- ***Склучување на Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи во однос на зајакнување на соработката за борба против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе***
  - МВР/Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со посредство на ИОМ на 13 и 14.09.2017 организираше работилница каде беа поканети претставници од специјалната единица на Србија, како и претставници од Грција со цел согледување на нивните искуства и најдобри пракси.
  - Беше утврдена потребата од склучување на Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство и МВР со кој ќе се предвидат мерки за зајакнување на соработката во борбата против криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.
  - На 03.01.2018г. е склучен Меморандум за соработка помеѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе. Со овој Меморандум е предвидена соработка меѓу страните преку спроведување на анализа на информациите за активностите на организираните криминални групи, креирање адекватни механизми за покренување и успешно спроведување истраги, водење проактивни и реактивни истраги, разузнавачка дејност насочена кон идентификација на криминалните групи, собирање сознанија за финансиските средства и имот стекнати преку криумчарење мигранти и трговија со луѓе заради спроведување финансиски истраги, размена на информации, учество во заедничките истражни тимови, унапредување на меѓународно-правната соработка, идентификување на жртви на трговија со луѓе меѓу ранливите категории мигранти, иницирање и организирање заеднички обуки.

- ***Назначување на раководител и членови на Националната единица за борба против криумчарење мигранти и трговија со луѓе***
  - Со цел спроведување на соработка помеѓу Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи во областа на сузбивање на организирани форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, се формира Национална единица за сузбивање на

криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

- Националната единица е составена од: раководител, заменик на раководителот, помошник раководител и негов заменик, постојани членови и контакт лица. Постојаните членови и контакт лица се овластени службени лица од Министерството за внатрешни работи. Со Националната единица раководи Раководител кој го назначува Јавниот обвинител на предлог на Основниот Јавен обвинител на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Активностите на претставниците од Министерството за внатрешни работи ги координира Помошник раководителот кој е началник на надлежната организациска единица за трговија со луѓе и криумчарење мигранти во Министерството за внатрешни работи.
- Назначен е Раководител и Заменик раководител, како и претставници од Министерството за внатрешни работи.
- На крајот на февруари 2018 г донесена е Програмата за обука на Националната единица за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе. Со наведената Програма се дефинираат темите за обука и временската рамка на спроведувањето на основната и напредната обука на постојаните членови на Националната единица.

- ***Формирање на мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и за жртви на трговија со луѓе***
  - Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика со цел зајакнување на превенцијата од трговија со луѓе, подобрување на идентификацијата на жртвите на трговија со луѓе меѓу ранливите категории на граѓани, како и обезбедување на нивна помош и заштита. Со наведениот меморандум се формираа мобилни тимови за идентификација на ранливи категории, вклучително и за жртви на трговија со луѓе.
  - Мобилните тимови се составени од претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика и претставници од невладиниот сектор/здруженија на граѓани кои имаат искуство во работа со ранливи категории, вклучително и жртви на трговија со луѓе.
  - Мобилните тимови се формираа на подрачје на градовите Скопје, Битола, Гевгелија и Куманово.

- ***Усвојување на Законот за меѓународна и привремена заштита***
  - Во однос на ревидирањето на Законот за меѓународна и привремена заштита (иницијалниот наслов беше Закон за азил и времена заштита), по одржаната ТАИЕКС експертска мисија на 06.09.2017 нацртот на истиот се проследи до ЕК. На 06.11.2017г. добиени се коментарите на ЕК и истите беа земени предвид.
  - Законот е објавен на ЕНЕР на 24.11.2017 година.
  - Законот е усвоен од Влада на 27.02.2018г. На 19.03.2018г. помина на прво читање во собраниска процедура и се очекува да се усвои.

- ***Усвојување на Законот за странци***
  - Нацрт-Законот за странци во октомври 2017 година беше доставен на мислење до ЕК. На 26.01.2018 добиени се коментари од ЕК кои беа адресирани од работната група задолжена за подготовка на законот.
  - Законот за странци е усвоен од Влада на 03.04.2018г. и доставен до Собрание.

- ***Изработка на анализа на ризик за интегрирано гранично управување во МВР***
  - Во ноември 2017 година, Министерството за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност објави документ Анализа на ризик во делот на граничното работење,.

Документот е предвиден и со Стратегијата за развој на полицијата за 2016-2020 и претставува прв производ согласно новиот концепт за управување со ризици во граничната полиција, базиран на Шенгенскиот граничен кодекс и ЦИРАМ – Модел за заедничка интегрирана анализа на ризик на Фронтекс. Воедно овој документ е и основа за отпочнување на процедурата за изработка на соодветни упатства со кои ќе се регулира методологијата на изработка на анализа на ризик во сите нивоа на граничната полиција во МВР, согласно стандардите на Фронтекс.

- Со наведениот документ се идентификуваат главните ризици на подрачјата на државната граница (граничните премини и зелениот појас) и воедно се поддржуваат среднорочните приоритети на организацијата. Анализа на ризик се дефинира како системска проверка на закани, ранливост и влијанија, чии што исход е евидентиран во форма на проценка на ризик. Документот се однесува на период јануари-септември 2017 година споредбено со претходните две години и се осврнува на следните теми: Илегална миграција, Останати појавни облици на прекуграничен криминал: криминал со дроги, оружје, криумчарење со акцизни стоки и други видови стоки, Фалсификување документи и возила и Гранични проверки, граничен надзор и контрола. Документот има заклучоци и препораки кои произлегуваат од сите опфатени теми, со што на надлежните служби им се овозможува стекнување со знаења и информации на општиот контекст на граничното работење, описи на клучните индикатори на ризик, приказ на главните закани, нивото и факторите на ранливост од различни аспекти на граничното работење, прикажани преку табеларни и графички статистички прикази на состојбите, во насока на стратешко планирање на активностите и подобрување на соработката меѓу релевантните институции.

- ***Донесување Акциски план за Интегрирано гранично управување (ИГУ) за 2018г. година со мерки за развој на ИГУ (2015-2019)***
  - Акцискиот план е усвоен од Влада на 18.01.2018 г.

- ***Формирање на аналитички центар во Национален КЦИГУ, за изготвување на анализи на ризик на стратешко ниво согласно CIRAM стандардите на Фронтекс***
  - Аналитичкиот центар е воспоставен и веќе од 09.01.2018г. година започна обуката од страна на Бирото за јавна безбедност - Министерство за внатрешни работи. Реализирани се неколку обуки за аналитичари од Национален координативен центар за интегрирано гранично управување за анализа на ризик по CIRAM методата на FRONTEX

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
GOVERNMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

едно семејство, еден дом
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## Фактографски извештај за имплементација на ПЛАН 3-6-9 од 4 јули 2017г.-17 април 2018г.

# ОХРИДСКИ ДОГОВОР

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

## 11. Охридски договор

Во делот на имплементацијата на Охридскиот договор, во духот на кохезија, Владата се договори за унапредување на имплементацијата на легислативните елементи.

- Владата на 20-та седница одржана на 04.08.2017 го усвои текстот на предлог Законот за употреба на јазиците.
- Законот за употреба на јазиците е донесен од Собранието на 11.01.2018г. година. Истиот беше вратен во собраниска процедура од страна на ПРМ. Законот е повторно усвоен од Собрание на 14.03.2018г.